<u>УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП</u>

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА

ФИНАНСИСКА И АКТУАРСКА МАТЕМАТИКА

Штип

Лилјана Василева

АНАЛИЗА И ПРИМЕНА НА НЕКОИ ОД КВАНТИТАТИВНИТЕ МЕТОДИ ВО ДЕЛОВНОТО ОДЛУЧУВАЊЕ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Штип, август 2014 година

UNIVERSITY "GOCE DELCEV" - STIP

FACULTY OF COMPUTER SCIENCE

FINANSIAL AND ACTUARIAL MATHEMATICS

Stip

Liljana Vasileva

ANALYSIS AND APPLICATION OF SOME OF THE QUANTITATIVE METHODS IN BUSINESS DECISION MAKING

MASTER'S THESIS

Stip, august 2014

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА

ПРЕТСЕДАТЕЛ:

Проф. Д-р Ристо Фотов,

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

Економски факултет

ЧЛЕН:

Проф. Д-р Билјана Јолевска-Тунеска

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

Електротехнички факултет

ЧЛЕН - МЕНТОР:

Проф. Д-р Татјана Атанасова – Пачемска,

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

Факултет за информатика

БЛАГОДАРНОСТ

Сакам да изразам посебна и една огромна благодарност до мојата фамилија за сета поддршка, љубов и мотивација за изработка и успешна реализација на овој магистерски труд.

Исто така голема благодарност и до мојот ментор проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска со која ми беше чест да соработувам и да ги следам нејзините стручни совети во текот на подготовката на магистерскиот труд.

Рецензирани и објавени/прифатени за објавување трудови:

1. Vasileva L., Atanasova - Pacemska T., Pacemska S.(2014). *Inventory Model for Different Kind of Products - the Capacity of Storage Space as a Constraining Factor.* XL Symposium on Operational Research (SYMPOSIUM 2014) “New business models and sustianble competitevness”, Zlatibor, Srbija, 1180-1185.

2. Атанасова- Пачемска, Т., Василева, Л.(2013). Модел за управување со залихите базиран на планирање на потребите за материјал (material requirement planning – MRP). Годишен зборник, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 209-216.

АНАЛИЗА И ПРИМЕНА НА НЕКОИ ОД КВАНТИТАТИВНИТЕ МЕТОДИ ВО ДЕЛОВНОТО ОДЛУЧУВАЊЕ

Краток извадок

Во секојдневното деловно работење доносителите на одлуки се соочуваат со многубројни неизвесности кои се вклучени во процесот на донесување на одлуки. Во услови кога постои неизвесност, процесот на деловно одлучување станува сѐ покомплексен. Веќе подолго време доносителите на одлуки не можат да се потпираат само на искуство и интуиција, туку во предвид мора да го земат и фактот дека сложеноста на економското и деловното однесување не може прецизно да се опфати при донесувањето на правилни одлуки кои ќе дадат максимални резултати.

Вклучувајќи ги бројните фактори кои го детерминираат ризикот и несигурноста во одлучувањето, доносителите на одлуки во тие околности не можат да извршат комплетна анализа од која ќе произлезат решенија кои ќе дадат позитивни резултати за поставениот проблем. Од таа причина, се наметнува примената на квантитативната анализа која вклучува низа квантитативни методи и алатки кои формираат широк спектар на нумерички методи кои овозможуваат увид и помош при донесувањето на одлуки.

Важноста на квантитативните методи во деловното одлучување се согледува во тоа што со нивната примена доносителите на одлуки можат логички и објективно да го набљудуваат дадениот проблем, да ги детерминираат клучните варијабли и резултатите при пресметките, да го анализираат проблемот и да пронајдат оптимално решение, да ги споредат алтернативните решенија и да го изберат најдоброто, да ги споредат перформансите преку различни операции и различни временски рамки, да ги објаснат можните решенија и да ја прикажат најдобрата алтернатива, да ја оправдаат донесената одлука, како и да ги надминат сите субјективни и пристрасни ставови.

Предмет на истражување во овој магистерски труд е примената на математичкото моделирање во процесот на деловно одлучување преку употребата на креирани математички модели. Целта е да се развијат модели во системот на донесување одлуки, кои инкорпорираат повеќе фактори, како ризик и можности, со кои можат да се предвидат и споредат резултатите од алтернативните одлуки или стратегии. На тој начин на доносителите на одлуки ќе им помогнат да ги детерминираат активностите насочени кон изнаоѓање на оптимална политика во деловното одлучување и поедноставувањето на постапката при решавањето на сложените реални проблеми.

Клучни зборови: деловно одлучување, квантитативна анализа, квантитативни методи, математички модели.

ANALYSIS AND APPLICATION OF SOME OF THE QUANTITATIVE METHODS IN BUSINESS DECISION MAKING

Abstract

In the daily business operation decision-makers are faced with many uncertainties involved in the decision making. In circumstances where there is uncertainty, the business decision-making process becomes more complex. Fora long time decision-makers cannot rely only on experience and intuition, but they must take into consideration the fact that the complexity of the economic and business behavior cannot precisely include in process of making right decisions which will give maximum results.

Including the numerous factors that determine the risk and uncertainty in decision making, decision-makers in these circumstances cannot perform a complete analysis which will provide solutions that will generate positive results for the given problem. From that reason, there is a need of using quantitative analysis which includes many quantitative methods and tools that create a wide range of numerical methods that enable review and help in decision making.

The importance of quantitative methods in business decision making is perceived from the fact that with their use decision-makers can logically and objectively observe the given problem, to determine the key variables and the results of the calculations, to analyze the problem and find an optimal solution, to compare alternatives and select the best, to compare performances across different operations and different time frames, to explain possible solutions and represent the best alternative, to justify the decision, and to overcome all subjective and biased attitudes.

The subject of research in this master's thesis is the use of mathematical modeling in the process of business decision making through the use of created mathematical models. The purpose is to develop models in the system of decision making, incorporating factors such as risk and opportunities, which can predict and compare the results of alternative decisions or strategies. In this way they will help the decision-makers to determine the activities in direction toward finding an optimal policy in business decision making and simplify the procedure of solving complex real problems.

Key words: business decisions, quantitative analysis, quantitative methods, mathematical models.

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД

Со оглед на бројните фактори кои го детерминираат ризикот и несигурноста во одлучувањето, доносителите на одлуки не можат да извршат комплетна анализа од која ќе произлезат решенија кои ќе дадат позитивни резултати за поставениот проблем во процесот на деловното одлучување. Од таа причина, се наметнува примената на квантитативната анализа која вклучува низа квантитативни методи и алатки кои формираат широк спектар на нумерички методи и овозможуваат увид и помош при донесувањето на одлуки.

Квантитативната анализа на деловните системи за потребите на деловното работење, особено во нивниот динамички аспект, процесот на моделирање и креирање на математички модели има значајно место, бидејќи овозможува успешна апроксимација, проучување и насочување на сложената стопанска стварност.

Со текот на времето, како што секојдневниот живот и деловното работење стануваат сè покомплексни, и самото одлучување е сè посложено. Како последица на современиот живот и начин на работа, доносителите на одлуките кои учествуваат во процесот на управување во современите деловни организации, т.е. деловни системи, сé почесто носат важни одлуки во услови на постојани промени во опкружувањето, во услови на ризик и во ситуации кога не може да се дојде до егзактни податоци за сите параметри кои влијаат на донесувањето на некоја одлука. Поради тоа, запознавањето, анализата и примената на некои од квантитативните методи во одлучувањето претставува современ научно-истражувачки проблем.

Магистерскиот труд е структуриран во 7 поглавја, вовед во трудот и заклучок на крајот на истиот. Во прилог е даден осврт на секое од седумте поглавја.

Во првото поглавје од магистерскиот труд е реализиран осврт на тематската поставеност и применливост. Направен е преглед на теоретските основи на процесот на деловното одлучување, односно на математичкото моделирање кое се применува во реални и отворени проблеми со цел да се креираат моќни математички модели кои потоа можат да бидат елаборирани, прилагодени и искористени во други контексти во генерализирана форма.

Во второто поглавје од магистерскиот труд е даден теоретски преглед на моделите на управување со залихи како детерминистички модели. Притоа во овој дел е образложена улогата на залихите во деловното управување, која воглавно се состои во тоа што во репродукциониот процес се реализираат производство и клиентка кои се временски, квантитативно и квалитативно, соодветни на стопанските и пошироко на општествените потреби. Следно, наведени се предностите и недостатоците кои произлегуваат од чувањето на залихи и наведено е дека целта на системот за управување со залихи е тие да се одржуваат на оптимално ниво. Понатаму како предмет на разгледување во ова поглавје беше моделскиот пристап на залихите во деловното управување при што беа разработени повеќе видови на модели кои спаѓаат во групата на моделите на залихи со детерминирана побарувачкаи истите беа базирани на повеќе претпоставки кои воедно беа поткрепени и со формули, табели, слики и графички прикази.

Третото поглавје го опфаќа теоретскиот преглед на системите на масовното опслужување (СМО) како стохастички модели. Најнапред се дадени целта, задачите и предметот на проучување на системите на масовното опслужување, потоа се наведени основните карактеристики на системите на масовно опслужување, како и нивните клучни елементи. Понатаму во ова поглавје детално се објаснети елементите на СМО со дадени формули и теоретски пристап кон истите. Исто така се разгледани и видовите на системи за масовно опслужување кои можат да бидат едноканални и повеќеканални. Истите се дадени со нивните главни карактеристики кои се детерминирани и поткрепени со формули.

Четвртото поглавје ја објаснува целта на истражувањето во магистерскиот труд која се состои во градење на релативно едноставни модели кои обезбедуваат доволно блиска апроксимација на сложената реалност со што се добиени корисни претстави за проблемите. Потенциран е и предметот на истражување во трудот, проучување на методи за конструкција на едноставни математички модели лесни за толкување, но не и премногу поедноставени за да ги игнорираат важните надворешни влијанија.

Во петтото поглавје е дадена хипотетичката рамка според која е засновено нашето истражување. Поаѓајќи од целите на истражувањето ***генералната*** или ***главната хипотеза*** на нашето истражување се темели на сознанието дека во денешни услови доносителите на одлуки се соочуваат со голем број на проблем каде што при изнаоѓањето на алтернативните решенија и донесувањето на одлуки тие не користат (многу малку) квантитативни модели. Како резултат на тоа се наметнува потребата од примена на квантитативните методи во деловното одлучување кои ќе им овозможат на доносителите на одлуки да ги идентификуваат позитивните решенија кои ќе овозможат максимални резултати.

Шестото поглавје ги опфаќа методите на истражувачката работа меѓу кои се аналитичкиот метод, симулации, дескриптивната анализа, квалитативната анализа, квантитативната анализа како и компаративната анализа.Употребата на методите на квантитативната анализа е еден од начините да ја намалиме комплексноста на проблемската ситуација која е предмет на наше разгледување. Таа ни помогна да ја составиме листата на мерливи позитивни и негативни влијанија, како и да го формираме правецот на избор и делување, за да се надминат негативните тенденции во конкретната ситуација.

Во седмото поглавје е даден најважниот дел од магистерскиот труд, а тоа се резултатите добиени од теренското истражување на објект (супермаркет) со помош на креираните математички модели. Најнапред се прикажани резултатите добиени од креирањето на моделите на залихисо примена на табеларен и графички приказ во Excel 2007. Табеларно се прикажани 20 производи кои беа земени во истражувањето заедно со нивните карактеристики. Со конструкцијата на првиот модел на залиха со можно ограничување беа утврдени оптималните количества на нарачани производи во согласност со ограничениот магацински простор на супермаркетот во кој беше направено истражувањето. Одовде беа одредени и вкупните трошоци според Lagrange-овата функција. Резултатите од овој модел беа графички прикажани според добиените резултати од обработените податоци кои ни беа на располагање. Понатаму во овој дел се прикажани резултатите од конструкција на моделот со рамномерна дополна на залихи. Според овој модел целокупниот циклус на набавката се одвива во два временски интервали. Во првиот временски интервал супермаркетот прави набавка во насока на зголемување на општото ниво на залихи, а додека во вториот временски интервал постои само трошењето на залихите сѐ до нивно смалување на нула кога повторно започнува новиот циклус на набавка.

Креиран е и втор модел (рамномерна дополна на залихи) врз основа на реални податоци за 20 производи за кои се прави набавка во текот на 1 месец. Пресметката на оптималните големини за моделот на рамномерна дополна на залихи беше направена во Excel 2007. Резултатите кои се добиени прикажани се графички и толкувани. Во трудот е направена и дискусија за двата типа на модели на залихи како и согледување за тоа која е најдобрата стратегија која треба да ја применува супермаркетот кога е во прашање проблемот со залихите.

Во следниот дел од ова поглавје дадени се резултатите добиени од анализата на системите на масовно опслужување со изградба на квантитативни модели. Анализата беше направена за постоење на различни претпоставки кај едноканални и повеќеканални СМО. Дадената анализа за редовите на чекање беше неделна и истата се базираше на пресметки со формули, табеларни пресметки, како и графички приказ на истите. Сите резултати се поодделно дискутирани иизвршена е компаративна анализа. Податоците од последниот модел на повеќеканални СМО обработени се во софтверската апликација WinQSB и на крај беше дадена интерпретација на резултатите со потенцирање на наши предлози и сугестии кои доносителите на одлуки можат да ги искористат во иднина во нивното деловно работење.

2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА

Деловното одлучување е процес во кој се врши избор на најпосакуваната опција од сет на алтернативи врз основа на дадени критериуми или стратегии (Wang, Wang, Patel & Patel, 2004; Wilson & Keil, 2001). Деловното одлучување е еден од 37-те фундаментални когнитивни процеси (Wang et al., 2004;Wang, 2007b). Студијата за донесување на одлуки е заинтересирана за повеќе дисциплини како што се информатика, компјутерска информатика, психологија, науката на деловно одлучување, економијата, социологијата, политичките науки, и статистика (Berger, 1990; Edwards& Fasolo, 2001; Hastie, 2001; Matlin,1998;Payne & Wenger, 1998; Pinel, 1997; Wald,1950; Wang et al., 2004; Wilson et al., 2001). Секоја од овие научни дисциплини ги нагласува посебните аспекти на донесување на одлуки.

Според Zachary, Wherry, Glenn, and Hopson (1982) постојат три основни елементи во деловното одлучување: проблемска ситуација, доносител на одлука и процес на донесување на одлука (Wang, 2003a; Wang & Gafurov, 2003; Wang & Wang, 2004; Wang et al., 2004).

Okubo (1980) смета дека во процесот на деловното одлучување е неопходна примената на математички третман, односно примената на математички модели со цел доносителите на одлуки да ја анализираат иквантитативно да ја предвидат динамиката на деловното однесување.

Eppen (1998) дава дефиниција според која ***моделот претставува симплифицирана слика на оригиналот која овозможува проучување на набљудуваниот систем, а постапката за конструкција на моделот се нарекува моделирање.*** *Во основните особини на моделот спаѓаат и: соодветната коресподенција со системот што се моделира, способност да го заменува реалниот систем во одредени односи, можноста на моделот во тек на испитувањето да даде некоја дозволена експериментална проверка во алтернативни менаџмент ситуации, односно информации и доволно јасни правила за премин од информации на моделот кон информации за реалниот систем.*

Различни автори користат различни термини за фазите на процесот на деловното одлучување и примената на квантитативните методи во него. Finlay и King (1986) даваат опис на концептуализација, вербализација, симболизација, манипулација и застапеност. Waters (1998) опишува набљудување, моделирање, експериментирање и имплементација. Ackoff (1962) опишува шест фази на дефинирање на проблемот, изградба на модел, тестирање на моделот, добивање на решение за проблемот, имплементација на решението и контрола на решението. Според претходните автори на Слика 1 даден е детален преглед на фазите на деловното одлучување, при што се дадени и етапите на градење на математички модели кои се основа на математичкото моделирање во деловните процеси.

Dossey, McCrone, Giordano и Weir (2002) моделирањето го дефинираат како процес преку кој реалните ситуации се претставени преку употребата на математиката. Во текот на овој процес се учат значајни математички поими преку кои реалноста може да се разбере, да се предвиди и да се контролира.

Во математичкото моделирање математиката се применува во реални и отворени проблеми со цел да се креираат моќни математички модели кои потоа можат да бидат елаборирани, прилагодени и искористени во други контексти во генерализирана форма (Lesh & Doerr 2003; Maass & Gurlitt 2009).

Niss, Blum и Galbraith (2007) сметаат дека математичкото моделирање е важен начин за да се разберат проблемските ситуации во реалниот свет. За време на процесот на моделирање доносителите на одлуки ја изучуваат математиката, што е доста значајно и притоа нивната способност да ги применуваат математичките знаења е подобрена.



Слика 1. Улогата на процесот на моделирање во решавањето на проблеми
Figure 1. The role of modeling in solving problems

3. ТЕОРЕТСКИ ПРЕГЛЕД НА МОДЕЛИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАЛИХИ КАКО ДЕТЕРМИНИСТИЧКИ МОДЕЛИ

3.1 Улога на залихите во деловното управување

Главната улога на деловното управување во однос на залихите се состои во тоа во репродукциониот процес да се реализираат производство и клиентка кои се временски, квантитативно и квалитативно, соодветни на стопанските и пошироко на општествените потреби. Многу претпријатија се соочуваат со проблеми во деловното управување кои го попречуваат пронаоѓањето на оптимална политика на управување со залихите: непредвидливоста на побарувачката, долго време на испорака, несигурност во процесот на испорака, голем број на артикли (производи), за кратко време побарувачка за одредени производи. Оптималното управување со процесите во претпријатието бара усогласување на сите производни, набавни и други активности поврзани со дистрибуцијата, кои спаѓаат во рамките на синџирот на логистика. *Залихите претставуваат акумулирање на стока за да се надмине расчекорот во движењата на набавките, производството и клиентката, со цел да се обезбеди континуирано и нормално одвивање на процесите на репродукција.*[1]

Проблемот на управување со залихите често претставува комплексен проблем и притоа математичките модели можат да опфатат дел од комплексноста на дадениот проблем. Примената на математичките модели како и останатите квантитативни методи овозможуваат да се обезбедат научни методи и техники со кои полесно ќе се надминат проблемите со кои се соочуваат доносителите на одлуки во врска со управувањето на залихите.

Денес со развојот на информатичката технологија е овозможен развој, решенија и имплементација на многу модели кои сè повеќе се дел од секојдневното деловно работење.

[1] Тодосисоска, Б. (2001). Наука за менаџмент. Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, 161-163.

Со оглед на претходното, дека проблемот со залихите во денешно време е сѐ повеќе актуелен и зема широк замав во процесот на деловното одлучување и работењето на претпријатијата, овој труд има за цел да ги опфати моделите на залиха, нивното разгледување, одредувањето на техниките за менаџирање со залихите, притоа одржувајќи ги истите на оптимално ниво каде соодветните трошоци ќе бидат минимални.Овие модели се од доста големо значење за доносителите на одлуки, бидејќи сѐ повеќе се воведуваат во практика и притоа со нивно познавање и примена се овозможува постигнување на поголема продуктивност и добивка во работата.

3.2 Предности и недостатоци кои произлегуваат од чување на залихи

Во деловното планирање и управување секоја рационална политика води сметка за потребите од формирање на залихи врз основа на стохастичкиот карактер на побарувачката, со цел претпријатието да не дојде до губиток на одредени количества за продажба како потенцијална добивка, вклучувајќи ја репутацијата, а за стопанството во целина да се оневозможат последиците од незадоволената побарувачка.Мошне е важно да не дојде до прекумерни залихи кои имобилизираат средства неопходни за задоволување на други потреби, како и до дефицит, особено на оние залихи чиј недостиг може да го попречи нормалното функционирање на стопанските капацитети, што ги имобилизира средствата за производство.

Целта на системот за управување со залихи е тие да се одржуваат на оптимално ниво.Оптимално ниво на залихи е таа количина на залихи која ќе ја имаме и која ќе биде најекономична (со најмалку трошоци), а од друга страна ќе обезбеди непречено функционирање на работата на бизнисот.Пристапот за согледување на предностите ќе го претставиме преку недостатоци на преголемите и премалите залихи, за да можеме на крајот да ги согледаме предностите на оптималното ниво на залихите.[2]

---

[2] Pupavac, D. (2011). Modern approaches to inventory management. 14-th Scientific Conference Business Logistics in Modern Management, Osijek, Croatia, Proceedings, 47-58.

- **Недостатоци на чување на залихи**

Преголеми залихи значат:

- **Непотребно блокирање на капитал –** произлегува од прекумерните количини на набавени производи.
- **Потреба од поголем складишен простор –** преголемото ниво на залихи бара и поголем магацин за чување на производите.
- **Повеќе трошоци за осигурување** – поголемиот обем на производи бара повеќе средства наменети за нивно осигурување.
- **Застарување на нарачаните производи кои се чуваат на залиха** – кај трговските претпријатија на пр. може да дојде до расипливост на производите или до истек на нивните рокови на употреба.
- **Поголеми административни, фиксни и др. трошоци на чување на залихи** итн.

Премалку залихи значат:

- **Премногу нарачки**. На ваков начин претпријатието ќе мора да има повеќе нарачки во кратки временски интервали. Ова значи зголемени трошоци за комуникација со добавувачите.
- **Губење на клиенти –** доколку не се достапни производите во моментот на барање од страна на клиентите.
- **Губење на количински попусти –** кога се достапни помали количини потрошувачот губи можност за добивање попуст за поголеми количини.
- **Поголеми трошоци за транспорт** – помалите количини на производи детерминираат поголеми транспортни трошоци.

- **Предности на оптимални залихи**

Оптималните залихи ги имаат следниве предности:

- Помалку врзани пари во данок;
- Помали трошоци за магацински простор;
- Помали трошоци за осигурување, фиксни и административни трошоци;

- Помала веројатност за застарување на производите што претпријатието ги има на залиха;
- Оптимално ниво на нарачки и постојано подобрување на времетраењето на нарачките;
- Се овозможува да се задоволи побаувачката од страна на клиентите кога таа е поголема од очекуваното ниво;
- Можат да се искористат предностите кои произлегуваат од одобрени попусти на големи количества на нарачки;
- Намалени транспортни трошоци итн.

Разгледувањето на проблемот со управување со залихите опфаќа испитување на повеќе карактеристични модели. Истите модели на залихи ќе бидат разработени подетално во следниот дел од трудот.[3]

3.3 Моделски пристап на залихите во деловното управување

3.3.1 Модели на залиха со детерминирана (позната) побарувачка

Детерминистичките модели на залихи не се засновани врз претходно искуство и спаѓаат во редот на математички односно строго дефинирани априорни модели[4] кои апсолутно детерминистички го опишуваат системот,со можна апроксимација,но без случајни променливи[5].

Општите карактеристики на моделите залихи од овој вид се состојат во тоа што побарувачката е позната и константна за одреден период кој може да се подели на еднакви временски интервали и за секој од нив се порачува дел од

[3]Stojanovic, D. (1968). Matematicke metode u ekonomiji preduzeca. Beograd, Rad.

[4]*Под строго дефинирани се подразбираат математички модели кои со своите односи и соодветните функции апсолутно детерминистички ги опишуваат врските меѓу променливите големини на системот. Математичкото моделирање во деловното одлучување се сведува на строго дефинирани модели, кои можат да содржат апроксимација, но без случајни променливи.*

[5] Mortom, T. (1999). Production and Operations Management. Cincinnati, Ohio, 15-16.

побарувачката. Критериум за оптималност е минимизирањето на вкупните трошоци на системот залихи кој се моделира.

Трошоците за подготовка на една циклус (нарачка) се фиксни во однос на нејзината големина, што значи дека по единица залихи се обратно пропорционални со големината на циклусот (нарачката). Во овие трошоци спаѓаат оперативни подготовки во врска со планирањето, како и други трошоци во кои се содржани трошоците на интерниот транспорт во колку се константни по циклус или нарачка, трошоци за уходување на производството, трошоци за евидентирање и документација.

Трошоците за складирање се пропорционални со складираното количество и затоа се пресметуваат по единица залихи во единица време. Во нив спаѓаат: трошоци кои се директно врзани за залихите – за нивно одржување, камати на обртни средства, осигурување, трошоци врзани за просториите на складирање – кирија, закупнина, амортизација и осигурување на складишните простори, како и амортизацијата на средствата за работа.

Како најпознати видови модели на залиха кои спаѓаат во групата на *модели на залихи со детерминирана побарувачка* се:

- ***I. Модел без дефицит и сигнално ниво на залихи***
- ***II. Модел со дефицит на залихи***
- ***III. Модел со рамномерна дополна на залихи***
- ***IV. Модел на залихи со количински попуст***
- ***V. Модел на залихи за различни производи со можно ограничување***

I. Модел без дефицит и сигнално ниво на залихи

Ќе обработиме модел без дефицит и сигнално ниво на залихи одреден со следните ***претпоставки:***

- побарувачката Q е константна и позната за даден временски период $[0, T]$, која е расподелена на n еднакви делови q, односно $Q = nq$;

- дополната на залихите се врши на почетокот од временскиот интервал со должина $t = \frac{T}{n}$ кога нивото на залихите е нула, каде излезниот тек има форма на континуирано и рамномерно смалување на залихите;
- не е дозволен недостиг на залихи во даден временски период и во неговите интервали;
- фиксните трошоци за подготовка на една циклус изнесуваат c парични единици;
- трошоците за складирање не единица производ во единица време изнесуваат c_1 парични единици.

Со оглед што временскиот интервал со должина t почнува кога нивото на залихи е q, а завршува за $q = 0$ просечното ниво залихи во тој интервал изнесува $\frac{q}{2}$.

Вкупните трошоци f на еден циклус, за даден временски интервал t изнесуваат:

$$f = c + \frac{c_1 qt}{2} \tag{1}$$

Функцијата на вкупните трошоци $F(q)$ за број на n циклуси изнесува:

$$F(q) = \frac{cQ}{q} + \frac{c_1 Tq}{2} \tag{2}$$

Функцијата $F(q)$ опаѓа за вредности $q < q_0$, т.е достигнува минимум во точката q_0 каде $F_1(q_0) = F_2(q_0)$, а монотоно расте за $q > q_0$.

Трошоците се изразени со релацијата (2) на непрекината функција од непрекината променлива $q \neq 0$ оптималната големина на циклусот q_0 се добива од потребниот и доволен услов за минимум на функцијата (2):

$$F'(q) = \frac{cQ}{q^2} + \frac{c_1 T}{2}$$

$$q_0 = \sqrt{\frac{2cQ}{c_1 T}} \tag{3}$$

$$F''(q_0) = \frac{2cQ}{{q_0}^3} = c_1 T \sqrt{\frac{c_1 T}{2cQ}} > 0$$

затоа што се сите големини позитивни; следува дека функцијата (2) има минимум за $q = q_0$.

Економската интерпретација на релацијата (3) е следната: производствениот циклус е во толку поголем во колку се поголеми трошоците за складирање на единица производ во единица време. Тоа значи дека е во интерес на економската рентабилност, ефикасност и просперитетот на претпријатието, врз основа на истражување на пазарот и правилно водена политика да осигури што поголема и побрза испорака на артиклите.

Оптималниот број на циклусите изнесува:

$$n_0 = \sqrt{\frac{c_1 QT}{2c}} \tag{4}$$

Оптималното времетраење на еден циклус изнесува:

$$t_0 = \sqrt{\frac{2cT}{c_1\, Q}} \tag{5}$$

Минималните вкупни трошоци за овој моделот, врз основа на релацијата (2), а земајќи ја предвид и релацијата (3), изнесуваат:

$$F(q_0) = \sqrt{2cc_1QT} \tag{6}$$

Ќе прикажеме случај кога порачките не пристигнуваат во моментот кога ќе се потроши залихата $(q = 0)$, туку за пристигнување е потребен одреден временски интервал t^*. Тогаш се јавува и ***сигналното ниво на залихи*** q^*, *а трошоците за чување единица количество залихи во единица време ги инкорпорираат и трошоците за врзување парични средства во залихи изразени како процент од набавната цена за единица количество залихи во единица време.*

II. Модел со дефицит на залихи

За овој модел од интерес е да се анализира случај кога во дел од интервал на одреден временски период нивото на залихите ќе биде еднакво на нула, а со оглед на тоа што побарувачката има карактер на тек кој е непрекинат и рамномерен системот неможе да задоволи дел од побарувачката. Тоа значи дека ќе се јави дефицит на залихи и неможност да се задоволи вкупната побарувачка.

Моделот со дефицит на залихи ги задоволува следните ***претпоставки***:

- побарувачката Q е позната во даден временски период $[0,T]$ и константна, која може да се расподели на n еднакви делови $Q = nq$ и $T = nt$;
- пополнувањето на залихите е на почетокот од временски интервал со должина t, а излезниот тек кој не може во потполност да ја задоволи побарувачката во интервал со должина t има форма на континуирано и рамномерно смалување на залихите до нула по што внатре во интервалот се јавува недостиг на залихи;
- фиксните трошоци за подготовка на секој циклус изнесуваат c парични единици;
- трошоците за складирање на единица залихи во единица време изнесуваат c_1 парични единици;
- трошоците за недостиг на единица залихи во единица време изнесуваат c_2 парични единици.

Во временскиот подинтервал со должина t_1 просечните залихи се $\frac{z}{2}$, а трошоците за складирање на тие залихи изнесуваат $c_1\frac{z}{2}t_1$.

Во временскиот подинтервал со должина t_2 просечниот недостиг на залихи е $\frac{q-z}{2}$, а трошоците поради дефицит на залихите изнесуваат $c_2\frac{q-z}{2}t_2$.

Вкупните трошоци за еден циклус, во временски интервал со должина t, изнесуваат:

$$f = c + \frac{c_1 z t_1}{2} + \frac{c_2(q-z)t_2}{2} \tag{1}$$

Временските подинтервали t_1 и t_2 зависат од нивото на залихите: за повисоко ниво залихи подинтервалот на задоволување на побарувачката t_1 е подолг, а подинтервалот на недостиг на залихи t_2 е покус и обратно.

Побарувачката во единица време е $\frac{q}{t}$, залихите кои ја задоволуваат побарувачката во временскиот подинтервал t_1 изнесуваат $z = \frac{q}{t}t_1$ од каде $t_1 = \frac{z}{q}\, t$.

Временскиот подинтервал за недостиг на залихи $t_2 = t - t_1$ може да се изрази со релацијата $t_2 = \frac{q-z}{q}\, t$.

Вкупните трошоци за еден циклус, во временски интервал со должина t се добиваат со замена на претходните вредности за t_1 и t_2 во функцијата (1) и можат да се изразат:

$$f = c + \frac{c_1 z^2 t}{2q} + \frac{c_2 (q-z)^2 t}{2q} \tag{2}$$

Функцијата на вкупните трошоци за моделот на системот залихи, во временскиот период $[0, T]$, односно за n циклуси, е

$$F(z, q) = \frac{cQ}{q} + \frac{c_1 T z^2}{2q} + \frac{c_2 T (q-z)^2}{2q} \tag{3}$$

Оптималните големини на циклусот q_0 и нивото залихи z_0 се добиваат од потребниот и доволниот услов за минимум на функцијата, т.е со првите парцијални изводи на функцијата (3). Се добива:

$$q_0 = \sqrt{\frac{2cQ}{c_1 T} \frac{c_1 + c_2}{c_2}} \tag{4}$$

$$\frac{z_0}{q_0} = \frac{c_1 + c_2}{c_2}$$

$$z_0 = \sqrt{\frac{2cQ}{c_1 T} \frac{c_2}{c_1 + c_2}} \tag{5}$$

Оптималниот број циклуси е $n_0 = \frac{Q}{q_0}$, а со замена за q_0 се добива:

$$q_0 = \sqrt{\frac{c_1 Q T}{2c} \frac{c_2}{c_1 + c_2}} \tag{6}$$

Оптималната должина на временскиот подинтервал е:

$$t_0 = \sqrt{\frac{2cT}{c_1 Q} \frac{c_1 + c_2}{c_2}} \tag{7}$$

Оптималната должина на временскиот подинтервал за исполнување на побарувачката е:

$$t_{10} = \sqrt{\frac{2cT}{c_1 Q} \frac{c_2}{c_1 + c_2}} \tag{8}$$

Оптималната должина на временскиот подинтервал за недостиг на залихи е:

(9) $$t_{20} = \sqrt{\frac{2cT}{c_2 Q}\frac{c_1}{c_1+c_2}}$$

Врз основа на релациите (8) и (9) се добива следниот однос:

$$\frac{t_{10}}{t_{20}} = \frac{c_2}{c_1}$$

Минималните вкупни трошоци за моделот на системот залихи во временскиот период $[0, T]$, врз основа на функцијата (3) изнесуваат:

(10) $$F(z_0, q_0) = \sqrt{2cc_1 QT \frac{c_2}{c_1+c_2}}$$

III. Модел со рамномерна дополна на залихи

Моделите што ги опишавме, во основа, се однесуваат на случаи во кои елементите на залихи се купуваат, односно во кои целата порачка пристигнува во еден временски момент, со тоа што соодветниот излезен тек има форма на континуирано и рамномерно смалување на залихите. Такви модели можат адекватно да се опишат стопански процеси со залихи на суровини и материјали, каде набавките имаат дисконтинуиран карактер, додека производствената клиентка која во овој случај има улога на излезен тек, се одвива рамномерно и континуирано, како и во трговските претпријатија кои набавуваат стока во одредени моменти и во поголеми количества, а ја продаваат континуирано и со воедначено темпо. Во деловното работење мошне се чести ситуации во кои процесот за пополнување со залихи нема така строго дискретен карактер, а пристигнувањето на стоката се одвива во извесен период на време. За разлика од веќе опишаните модели, кои претпоставуваат повремено и моментално зголемување на залихите, *во моделите со рамномерна дополна на залихите доаѓа до повремено активирање на влезните текови*, така што функционираат само во одредено временски интервали. *Целиот циклус на системот залихи се состои од два дела. Во првиот дел функционираат и влезен и излезен тек, така што интензитетот на влезниот тек е поголем, што го зголемува општото* *ниво на залихите.* Тоа е случај кога залихите се формираат со производство, кое трае до некое ниво на залихи (најчесто готови производи), потоа производството престанува за да продолжи по истрошувањето нас залихите. *Во вториот дел од циклусот функционира само излезниот тек, така што нивото на залихи се смалува.* При тоа постои можност познатата побарувачка да се задоволи или да се јави дефицит на залихи[6].

Ќе го обработиме ***моделот со рамномерна дополна на залихи*** до одредено ниво, ***без дефицит***, кој се карактеризира со следните ***претпоставки***:

- стопанската активност се одвива во временски период $[0, T]$ со n еднакви циклуси, така што времетраењето на еден циклус изнесува $t = \frac{T}{n}$ временски единици;
- производството и побарувачката во единица време изнесуваат q_v и q_i единици стока, респективно;
- во првиот дел на циклусот со траење t_1 временски единици континуирано функционираат влезен и излезен тек, така што интензитетот на влезниот тек е поголем од излезниот односно $q_v > q_i$, што го зголемува општото ниво на залихи;
- во вториот дел од циклусот со траење t_2 временски единици континуирано функционира само излезниот тек, поради што нивото на залихи се смалува до нула кога повторно почнува производството;
- не е дозволен недостиг на залихи;
- фиксните трошоци за подготовка и организација на секој циклус изнесуваат c парични единици;
- трошоците за складирање на единица количество залихи во единица време изнесуваат c_1 парични единици ;
- трошоците за производство по единица производ изнесуваат c_3 парични единици.

Залихите се формираат во временскиот подинтервал со должина t_1 со влезниот тек на производство q_v и излезниот тек на побарувачка q_i така што

[6] Moore, J., & Weatherford, L. (1998). Management Science, Prentice Hall Intern, USA, p.375.

достигнуваат ниво $z = q_v - q_i$ кое се истрошува во временскиот подинтервал t_2, односно $z = q_i t_2$ следува:

(1) $$t_1 = \frac{z}{q_v - q_i}$$

(2) $$t_2 = \frac{z}{q_i}$$

(3) $$t = \frac{q_v z}{q_v - q_i}$$

Производството q во еден циклус може да се изрази со релацијата:

(4) $$q = q_v t_1 = z + q_i t_1 = q_i t = \frac{q_v z}{q_v - q_i}$$

Вкупните трошоци за еден циклус во временски интервал со должина $[0, T]$ можат да се изразат како збир на: фиксни трошоци за подготовка и организација, трошоци за складирање на залихите и трошоци за производство.

(5) $$f = c + c_1 \frac{z}{2} t + c_3 q$$

Врз основа на релациите (3) и (4) се добива дека:

- трошоците за складирање изнесуваат $c_1 \frac{z}{2} t = \frac{c_1 q_v z^2}{2\, q_i (q_v - q_i)}$, а
- трошоците за производство изнесуваат $c_3 q = \frac{c_3 q_v z}{q_v - q_i}$

Со замена на добиените изрази во релацијата (5), вкупните трошоци за еден циклус во временски интервал со должина t можат да се изразат:

(6) $$f = c + \frac{q_v}{q_v - q_i} \left(\frac{c_1 z^2}{2 q_i} + c_3 z \right)$$

Бројот на циклусите во периодот $[0, T]$ може да се изрази со следната релација:

(7) $$n = \frac{T\, q_i}{q} = \frac{T\, q_i\, (q_v - q_i)}{q_v\, z}$$

Функцијата на вкупните трошоци за моделот на системот залихи за n циклуси, во временски период $[0, T]$, е:

(8) $$F(z) = nf = \frac{cT\, q_i\, (q_v - q_i)}{q_v z} + \frac{c_1 T}{2} + c_3\, T\, q_i$$

Оптималното ниво залихи z_0 се одредува со анулирање на првиот извод од функцијата (8):

$$F'(z) = nf = \frac{cT\, q_i\, (q_v - q_i)}{q_v z} + \frac{c_1 T}{2} = 0 / \frac{1}{T}$$

(9) $$z_0 = \sqrt{\frac{2cq(q_v - q_i)_i}{c_1 q_v}}$$

За вака одредена вредност z_0 – вкупните трошоци за моделот на системот залихи, за n циклуси, за да бидат минимални потребно е да биде задоволен и условот: $F''(z) = \frac{2c\, q_i\, T(q_v - q_i)}{q_v\, z^3} > 0$, а тоа е можно за $q_v > q_i$;

Оптималниот обем на производство во еден циклус, врз основа на релацијата (4) е:

(10) $$q_0 = \sqrt{\frac{2cq_v q_i}{c_1(q_v - q_i)}}$$

Оптималниот број циклуси, врз основа на релацијата (7) е:

(11) $$n_0 = \sqrt{\frac{c_1 T^2 q_i(q_v - q_i)}{2cq_v}}$$

Оптималното времетраење на производството во еден циклус, врз основа на (1), е:

(12) $$t_{10} = \sqrt{\frac{2cq_i}{c_1\, q_v\, (q_v - q_i)}}$$

Оптималното време на трошење на залихите во еден циклус без нивна дополна поради престанок на производството, врз основа на (2), е:

(13) $$t_{20} = \sqrt{\frac{2c(q_v - q_i)}{c_1\, q_v\, q_i}}$$

Оптималното времетраење на еден циклус, врз основа на (3), е:

(14) $$t_0 = \sqrt{\frac{2cq_v}{c_1\, q_i(q_v - q_i)}}$$

Минималните вкупни трошоци за моделот на системот залихи во временски период $[0, T]$, се добиваат со замена на релацијата (9) во функцијата (8):

(15) $$F(z_0) = \sqrt{\frac{2cc_1\, T^2 q_i\, (q_v - q_i)}{q_v}} + c_3 T q_i$$

IV. Модел на залихи со количински попуст

Моделот се карактеризира со следните претпоставки[7]:

- побарувачката Q е позната за даден временски период $[0, T]$ и константна, а може да се расподели на n еднакви делови $q = \frac{Q}{n}$;
- пополнувањето на залихите е на почетокот од временскиот интервал со должина $t = \frac{T}{n}$ кога нивото на залихи е нула, а излезниот тек има форма на континуирано и рамномерно смалување на залихите;
- не е дозволен недостиг на залихи во дадениот временски период и неговите интервали;
- фиксните трошоци за една порачка изнесуваат c парични единици;
- трошоците за складирање во единица време изнесуваат r проценти од вредноста на просечниот обем залихи;
- цената по единица производ изнесува p парични единици.

Со помош на функцијата на вкупните трошоци се одредува оптималната големина на секоја порачка со минимизирање на тие трошоци како критериум. Соодветните изрази за формирање на наведената функција се:

Вкупните трошоци за една порачка во временски интервал t се:

$$f = pq + c + \left(\frac{pTq^2}{2Q} + \frac{cTq}{2Q}\right) r \tag{1}$$

Функцијата на вкупните трошоци за моделот на системот залихи за n порачки, е:

$$F(q) = pQ + \frac{cQ}{q} + \frac{pTq}{2} r + \frac{cT}{2} r \tag{2}$$

Оптималната големина на порачката q_0 се добива со анулирање на првиот извод на функцијата (2), при $F''(q) > 0$:

$$F'(q) = -\frac{cQ}{q^2} + \frac{pT}{2} r = 0$$

$$q_0 = \sqrt{\frac{2}{r} \frac{c}{p} \frac{Q}{T}} \tag{3}$$

[7] William, S. (1996). Production/Operations Management, IRWING, Chicago, p.545.

Оптималниот број порачки изнесува:

$$n_0 = \sqrt{\frac{r}{2}\frac{p}{c}QT} \tag{4}$$

Оптималната должина на временскиот интервал помеѓу порачките изнесува:

$$t_0 = \sqrt{\frac{2}{r}\frac{c}{p}\frac{T}{Q}} \tag{5}$$

Со замена на релацијата (3) во (2) се добиваат минималните вкупни трошоци за моделот на системот залихи :

$$F(q_0) = pQ + \frac{rcT}{2} + \sqrt{2rpcQT} \tag{6}$$

Од релацијата (3) заклучуваме дека оптималната големина на порачката е обратно пропорционална со цената, додека врз основа на релацијата (4) бројот на порачките е пропорционален со цената на производите, ако останатите големини се константни. Во деловната практика се јавува можност за одредување попуст во цената за поголем обем на порачка, што упатува на соодветна сензитивна анализа за варирањето на цената во зависност од големината на порачката.

Означуваме со:

- p_1 цена на единица производ за порачка која е по обем помала од k единици;
- p_2 снижена цена на единица производ за порачки кои се еднакви или поголеми од k единици, ($p_2 < p_1$)

Со оглед на тоа што $p_2 < p_1$, од релацијата (3) следува дека $q_{0(p_2)} > q_{0(p_1)}$

За да бидат најмали вкупните трошоци за моделот на системот залихи во временскиот период , се врши следната анализа.

За цената p_2, од релацијата (3), оптималната големина на порачката изнесува $q_{0(p_2)} = \sqrt{\frac{2}{r}\frac{c}{p_2}\frac{Q}{T}}$. Ако се добие:

1. $q_{0(p_2)\geq k}$, треба да се порачаат $q_{0(p_2)}$ единици по снижена цена p_2, затоа што е врз основа на релацијата (6) $F\left[q_{0(p_2)}\right] < F\left[q_{0(p_1)}\right]$;

2. $q_{0(p_2)<k}$ тогаш $q_{0(p_2)}$ претставува фиктивно количество затоа што е попустот условен за порачка еднаква или поголема од количество k единици. Во тој случај врз основа на релацијата (3) се одредува $q_0(p_2) = \sqrt{\frac{2}{r}\frac{c}{p_1}\frac{Q}{T}}$; а потоа се споредаат вкупните трошоци за моделот на системот залихи $F\left[q_{0(p_1)}\right]$ добиени врз основа на релациите (6) или (2) добиени врз основа на релацијата (2) во која големината q се заменува со големината k, при што :

-ако е $F\left[q_{0(p_1)}\right] < F\left[k_{(p_2)}\right]$ треба да се порача $q_{0(p_1)}$ единици по цена p_1, а

- ако е $F\left[k_{(p_2)}\right] < F\left[q_{0(p_1)}\right]$ треба да се порача k единици по снижена цена.

V. Модел на залихи за различни производи со можно ограничување

Досега утврдивме дека количеството на залихи е независно за секој производ поединечно во рамките на компаниите, па според тоа може да се пресмета оптималната политика на набавка за секој производ. Побарувачката за секој производ поединечно обично е независна една од друга, меѓутоа компаниите на залихи држат најчесто повеќе различни производи кои меѓусебно се разликуваат по своите физички својства, функцијата или намената која ја имаат во активностите на компанијата итн. Затоа се јавува проблем на интеракција, во различна форма, помеѓу различните категории производи кои се држат на залихи. До ефекти на интеракција доаѓа и затоа што различни видови стока на залихи ангажираат одреден складишен простор или финансиски средства, а тоа се по правило лимитирачки фактори. Кај системи залихи во сферата на трговијата различни производи заземаат различен складишен простор и предизвикуваат различни нивоа на трошоци кои бараат определен обем на инвестирање на финансиски средства. Сето тоа го поставува проблемот за изнаоѓање на оптималната големина на набавка за секој производ, без нарушување на постојните ограничувања. Решавањето на наведените проблеми ќе го илустрираме на соодветен модел.

Проблемот на залихи нека е одреден со следните ***претпоставки:***

- системот на снабдување има n различни производи, со позната константна побарувачка која во даден временски период $[0, T]$ со единица должина изнесува $k_1, k_2, ..., k_j, ..., k_n$ единици производ;
- не е дозволен недостиг на залихи во даден временски период;
- фиксните трошоци за подготовка и организација на секој циклус за j-тиот производ изнесуваат c_1 парични единици;
- трошоците за складирање на j-тиот производ изнесуваат r_j проценти од вредноста на залихите во даден временски период;
- трошоците за производство по единица j-ти производ изнесуваат a_j.

Се одредуваат оптималните големини на производствените циклуси q_j за секој j- ти *(j= 1, 2..,n)* производ под услов вкупните трошоци во системот на снабдување да бидат минимални. Овие трошоци можат да се изразат со збирот на поодделните трошоци на: производството, подготовката, организацијата на производствениот циклус и складирањето.

Трошоците за производство изнесуваат:

$$\sum_{j=1}^{n} a_j \, k_j$$

Трошоците за подготовка и организација на производствениот циклус изнесуваат:

$$\sum_{j=1}^{n} \frac{c_j}{q_j} k_j$$

Трошоците за складирање на производите се одредени со изразот:

$$\sum_{j=1}^{n} r_j \frac{q_j}{2} \left(a_j + \frac{c_j}{q_j} \right)$$

Вкупните трошоци за моделот на системот залихи за сите производи се дефинирани со функцијата:

$$F(q_j) = \sum_{j=1}^{n} \left[a_j k_j + \frac{c_j}{q_j} k_j + \frac{r_j}{2} (a_j q_j + c_j) \right] \quad (1)$$

Оптималната големина на производствената серја на j –тиот производ q_{j0}, за која се претпоставува дека е непрекината променлива, мора да го задоволува условот:

$\frac{\partial F(q_j)}{\partial q_j} = \frac{1}{2} r_j a_j - \frac{c_j}{{q_j}^2} k_j = 0$,од каде следува:

(2) $$q_{j0} = \sqrt{\frac{2c_j k_j}{r_j a_j}}$$

Минималните вкупни трошоци за моделот на системот залихи, врз основа на (1), се одредени со изразот:

(3) $$F(q_{j0}) = \sum_{j=1}^{n} \left[a_j k_j + \frac{c_j}{q_{j0}} k_j + \frac{r_j}{2} (a_j q_{j0} + c_j) \right]$$

Процесите кои се дел од деловното работење, по правило, се одвиваат во услови кои се проследени со бројни ограничувања, така што проблемите на оптимизација често се сведуваат на изнаоѓање на некој апсолутен екстрем. Една од основните, а воедно и битна карактеристика е тоа што се настојува врз основа на ретки ограничени ресурси да се постигне максимален ефект во работењето во корист на процесот на деловното одлучување и решавањето на проблемите. Во доменот на залихите најчестите ограничувања се врзани за капацитетот на складишниот простор, за расположливите средства со кои се финансира држењето стока на залихи, за условите на транспорт и сл. Кога на залихи се држат повеќе различни производи, вкупното ниво на залихи може да да биде преголемо во однос на дадено ограничување. Поради тоа треба да се пронајде начин како да се намалат залихите сè додека не бидат во рамките на прифатливите граници. Во овој модел за систем залихи, како пример, *за лимитирачки фактор се зема капацитетот на складиштето.*

Ако единица на *j*-ти производ зазема волумен v_j од расположливиот волумен на складиштето кој изнесува V, тогаш е:

$\frac{q_j}{2} v_j$ – потребен простор за просечен обем на залихи од j-тиот производ; а

$$\frac{1}{2} \sum_{j=1}^{n} v_j q_j$$

Дадениот израз претставува вкупно потребен простор за просечен обем на залихи за сите производи.

Лимитирачкиот услов е изразен со релацијата:

$$(4) \qquad \frac{1}{2}\sum_{j=1}^{n} v_j q_j \leq \mathrm{V}; \qquad q_j > 0, \qquad j = 1,2,\dots,\mathrm{n}$$

Поврзувајќи ја функцијата (1) со ограничувањето (4) задачата се сведува на примена на Lagrange-оватафункција:

$$(5) \qquad F(q_j) = \sum_{\mathrm{j}=1}^{\mathrm{n}} \left[a_j k_j + \frac{c_j}{q_j} k_j + \frac{r_j}{2} (a_j q_j + c_j) \right] + \lambda \left(\mathrm{V} - \frac{1}{2} \sum_{\mathrm{j}=1}^{\mathrm{n}} v_j q_j \right)$$

Оптималната големина на производствениот циклус на *j*-тиот производ се добива со анулирање на парцијалниот извод на функцијата (5) по q_j.

$\frac{\partial F(q_j)}{\partial q_j} = -\frac{c_j k_j}{q_j{}^2} + \frac{r_j}{2} a_j - \frac{\lambda}{2} v_j = 0,$ од каде следува:

$$(6) \qquad q_{j0} = \sqrt{\frac{2 c_j k_j}{r_j a_j - \lambda v_j}}$$

Посебен проблем на релацијата (6) претставува квантификацијата на *Lagrange* – овиот множител λ. Во принцип λ може да се одреди со решавање на систем од $n+1$ равенки: со анулирање на парцијалните изводи на функцијата (5) по q_j и неравенката (4), што е за голем број различни производи пресметковната постапка посложена.

Во практика се применува табеларна метода. Со оглед што секогаш е $q_j > 0$, λ мора да го задоволи условот $r_j a_j - \lambda v_j > 0$, од каде следува дека λ мора да ја задоволи релацијата $\lambda < \frac{r_j a_j}{v_j}$.

Меѓутоа, затоа што по природата на проблемот ограничениот капацитет на складиштето влијае така што обемот на $\lambda \leq 0$, порачката ќе опаѓа, затоа што во спротивно ограничувањето е без влијание на решението на проблемот. Врз основа на релацијата (6), за различни вредности $\lambda \leq 0$, се одредуваат соодветните големини на производствените циклуси q_j, како и вредностите на изразот

$$\frac{1}{2}\sum_{j=1}^{n} v_j q_j$$

кои се внесуваат во соодветна табела.

За формирање на наведената табела од кој се изнаоѓа вредноста на множителот λ се дефинираат следните односи:

$\lambda < 0$ за $V - \frac{1}{2}\sum_{j=1}^{n} v_j q_j = 0;$

$\lambda < 0$ за $V - \frac{1}{2}\sum_{j=1}^{n} v_j q_j > 0;$

Случајот,

$$V - \frac{1}{2}\sum_{j=1}^{n} v_j q_j < 0$$

не се зема во предвид затоа што со тоа се пречекоруваат ограничувањата.

Множителот λ одговара на решенијата q_{j0} чиј заеднички волумен е најблиску до ограничувањето (4).

3.3.2 Модели на залихи со стохастичка побарувачка

Покрај претходно разгледаните детерминистички модели на залихи неопходно е да се спомене дека покрај нив остојат и веројатносни модели на залихи. Основна односно главна карактеристика на овој вид на модели е тоа што кај нив побарувачката е случајна, т.е. има стохастички карактер. Стохастичкиот карактер на залихите претпоставува соодветен методолошки пристап кога се во прашање истражувањата во деловното управување и процесот на одлучување и затоа е потребно побарувачката да се вклучи во анализата како алеаторна променлива така што да се оперира и со параметри на законите за веројатност на побарувачката, кои се добиваат со соодветни снимања и следења, респектирајќи ги карактеристиките и својствата на проучуваните појави и процеси. Таков пристап овозможуваат апостериорните модели на системи залихи, засновани врз статичко моделирање на стохастичките појави и процеси, со помош на соодветни закони за веројатност на побарувачката, до кои се доаѓа врз основа на искуство.

Групата *модели на системи залихи со стохастичка побарувачка*, воглавно се детерминирани од следните ***претпоставки:***

- залихите се формираат на почетокот од временскиот период $[0, t]$ со единица должина $(t = 1)$;
- во периодот $[0, t]$ постојат две можности – во секој момент да постојат залихи за случај кога побарувачката е помала од нивото на залихи или да се јави дефицит во случај на поголема побарувачка од нивото на залихите;
- за побарувачка помала од нивото на залихите трошоците за складирање по единица залихи изнесуваат c_1 парични единици;
- за побарувачка поголема од нивото на залихите трошоците за интервентна набавка во текот на временскиот период изнесуваат c_2 парични единици по единица незадоволена побарувачка.

Како основни модели кои спаѓаат во групата на *модели на залихи со стохастичка побарувачка* се:

- ***Модел со дискретна распределба на веројатностите на побарувачката***
- ***Модел со континуирана распределба на веројатностите на побарувачката***
- ***Модели со константен интензитет на клиентка***
- ***Модел со сезонска побарувачка***

4. ТЕОРЕТСКИ ПРЕГЛЕД НА СИСТЕМИТЕ НА МАСОВНО ОПСЛУЖУВАЊЕ КАКО СТОХАСТИЧКИ МОДЕЛИ

4.1 Цел, задачи и предмет на проучување на системите за масовно опслужување

Теоријата за масовно опслужување ги изучува квантитативните својства за организација и менаџмент на масовните појави и процеси, нивната структура и релевантните зависности сѐ со цел за ефикасно и економично функционирање на деловниот систем. Називот системи за масовно опслужување (СМО) се употребува бидејќи ги опфаќа основните својства на појавите и процесите кај системите кои се карактеризираат со масовност и опслужување, при што наведуваме дека во англо-саксонската литература се користи и називот **Теорија на редови** или **феномен на чекање**. Целта на анализата на системите со редови на чекање е да им понуди разумно задоволителна услуга на клиентите што чекаат во редот. Во анализата на СМО често се користат симулациските методи.

Задачите и методите на теоријата на масовно опслужување заземаат значајно место во проучувањето на реалните системи. Тие имаат голема примена во науката и техниката. Теоријата на масовно оспслужување го користи апаратот на теоријата на веројатност и ги проучува веројатносните ситуации поврзани со елементот на случајност во системите за масовно опслужување.

Предмет на проучување на моделите на системите на масовно опслужување е квантифицирањето на феноменот на чекање во ред користејќи репрезентативни показатели на функционирање, како што се искористеноста на серверот, должината на редицата на чекање и задржувањето на клиентите во системот, при што тие го снабдуваат аналитичарот со моќна алатка за дизајнирање и развој на перформансите на системите за масовно опслужување.

Теоријата на масовно опслужување како и анализата со помош на симулации се користат за да ги предвидат мерите (величините) на системските перформанси како функција од влезните параметри. Влезните параметри се: интензитетот на доаѓање на клиенти, интензитетот на опслужување на серверите, бројот на сервер и др.

За релативно едноставните системи, овие мери на перформансите на системот може да бидат пресметани математички, но за поголема сигурност добиените резултати може да се споредат со резултатите добиени со користење на симулации. Обично кај покомлексните системи пресметките во процесот на анализа најчесто се вршат со помош на симулации. Еден систем за масовно опслужување се смета за изучен, ако се определени величините кои го карактеризираат и кои во општ случај се случајни променливи.



Слика 2. Карактеристики на системите на масовно опслужување
Figure 2. Characteristics of the queuing systems

Клучни елементи на системите за масовно опслужување се ***клиентите*** и ***серверите (опслужувачи)***. Поимот *„клиент”* може да се однесува на луѓе, автомобили, машини, пациенти, авиони, односно на сè што побарува опслужување (услуга). Поимот *„сервер”* се однесува на ресурси кои го извршуваат опслужувањето, тоа може да бидат каса, рецепционер, механичар, мајстор, медицински персонал, процесор на компјутер итн. Влез (input) на СМО претставуваат клиентите на кои им е потребна некоја услуга, а излез (output) - направените услуги. Состојбата на системот е одредена со бројот на клиентите во него, така што системот преминува од една состојба во друга со доаѓање на клиенти или со извршените услуги, односно со заминувањето на клиентите.

4.2 Популација од клиенти

Популацијата од клиенти може да се смета како:

- ограничена (конечна) и
- неограничена (бесконечна).

Бесконечна популација е теориски модел на систем со голем број на корисници, на пример клиетни кои побаруваат услуга од банка, продавница, бензинска пумпа , ресторант, и слично. Како примери на конечна популација може да се сметаат бројот на процеси што треба да ги изврши компјутерот, или бројот на машини што треба да бидат поправени од сервисерот. Главната разлика меѓу конечните и бесконечните популации од клиенти е начинот на кој интензитетот на доаѓање (среден број на пристигнувања во единица време) е дефиниран. Кај бесконечните популации од клиенти интензитетот на доаѓање не зависи од бројот на клиенти кои се наоѓаат во процес на опслужување (се опслужуваат или чекаат за опслужување). Од друга страна , кај конечните популации од клиенти интензитетот на доѓање зависи од бројот на клиенти кои се опслужуваат или чекаат за опслужување. Ако на пример, популација се состои од само еден клиент, тогаш ако клиентот се опслужува, интензитетот на доаѓање ќе биде нула.

4.3 Влезен поток

Влезниот поток го карактеризира начинот на кој клиентите влегуваат во системот. Пристигнувањата можат да бидат во одредено време или во случајно време. Во поголемиот број на системи пристигнувањата на клиентите настапува на случаен начин.

Нека t_1, $t_{2,\dots}$ се моменти на пристигнување на клиенти во системот.

Тогаш T_i = t_i, - t_{i-1}, i=1, 2,... е должината на временскиот интервал помеѓу пристигнувањето на i-1-тата и i-тата група од клиенти. Нека со Z_t е означен бројот на клиенти пристигнати во системот во моментот t.

Влезниот поток се наракува **поток со ограничено последејство**, ако случајните променливи T_1, T_2,... и Z_1, Z_2, ... се независни во целина.

Влезниот поток е **ординарен**, ако не е возможно (со позитивна веројатност) да се појават два или повеќе клиенти во еден ист момент на време.

Влезниот поток се нарекува **поток без последејствие**, ако веројатноста да се појават k клиенти во интевалот $[T, T+t]$ не зависат од тоа колку клиенти се појавиле пред тој интервал.

Влезниот поток е **стационарен** ако веројатноста да се појават n клиенти во интервалот $[T, T+t]$ не зависи од T, туку од t и n.

$$P\{n \text{ клиенти во } [T, T+t]\} = P\{n \text{ клиенти во } [0, t]\}$$

Ако T_i се независни и еднакво распределени случајни променливи и потокот е ординарен тогаш потокот се нарекува **рекурентен поток**.

Потокот од клиенти кој е:

- стационарен
- без последејствие
- ординарен

се нарекува прост **(Пуасонов) поток.**

Poisson-овиот закон за распределба на веројатностите е даден со изразот:

$$P_n(t) = \frac{(\lambda t)^n}{n!} \cdot e^{-\lambda t}$$

каде:

λ е интензитет на текот на доаѓање

e претставува основа на природен логаритам ($e \approx 2{,}72$ – Неперова константа)

Стационарноста на текот на доаѓање се изразува со фактот дека веројатноста $P_n(t)$ зависи од должината на временскиот интервал и од бројот на доаѓањата, а не и од почетокот на интервалот. Текот на доаѓање е „тек без последици" ако доаѓањето на една клиент не зависи од другите (претходните), односно веројатноста $P_n(t)$ не зависи од бројот на доаѓања пред почетокот на временскиот интервал t. Ординарноста на текот на доаѓања значи дека во некој произволно мал временски интервал може да дојде само еден или ниеден клиент, односно во доволен мал временски интервал неможат да се појават две или повеќе доаѓања.

$$\lim_{t \to 0} \frac{\sum_{i=2}^{n} p_i(t)}{t} = 0$$

што значи дека

$$\sum_{i=2}^{n} p_i(t)$$

е бесконечно мала големина од повисок ред од t .

Ако за временски интервал се земе временска единица $(t = 1)$, Poisson-овиот распределба добива форма:

$$p_n = \frac{\lambda^n}{n!} \cdot e^{-\lambda}$$

Средната вредност и варијансата на овој распределба меѓу себе се еднакви и имаат вредност $\boldsymbol{\lambda}$.

Веројатноста дека во временскиот интервал t_0 нема да има доаѓања $\left(p_0 = \mathrm{e}^{-\lambda t_0}\right)$ одговара на веројатноста дека временскиот интервал меѓу две взастопни доаѓања ќе бидат поголеми или еднакви на t_0 при што функцијата на распределба на временскиот интервал меѓу две доаѓања има форма:

$$F(t) = \begin{cases} 0, & t < 0 \\ 1 - e^{-\lambda t}, & t \geq 0 \end{cases}$$

Законот на распределба е:

$$f(t) = \begin{cases} 0, & t < 0 \\ \lambda e^{-\lambda t}, & t \geq 0 \end{cases}$$

Средната вредност на должината на временскиот интервал меѓу две доаѓања изнесува

$$\alpha = \int_0^\infty t\lambda e^{-\lambda t} dt = \frac{1}{\lambda}$$

односно варијансата е

$$\sigma_t^2 = \int_0^\infty (t - \frac{1}{\lambda})^2 \lambda e^{-\lambda t} dt = \left(\frac{1}{\lambda}\right)^2$$

Кај непростите текови на доаѓање најчесто се јавува отстапување од стационарноста, односно веројатноста за појавување на доаѓањата зависи и од моментот на почетокот на набљудувањата т.е $p_n = p_n(n, t, \tau)$ каде τ е моментот на почетокот на временскиот интервал t . Во тој случај се добива:

$$p_n = p_n(t,\tau) = \frac{[\lambda(\tau,t)]^n}{n!} \cdot e^{-\lambda(\tau,t)}$$

што претставува Poisson-ов закон на веројатност за нестационарен тек на доѓања. Ако средната вредност и варијансата на некој стохастички се доста блиски по вредност, тогаш тој процес може да се анализира како Poisson-ов. При одредени услови можно е некои други теоретски распределбаи да се сведат на Poisson-ов. Доколку некој конкретен процес не може да се сведе на теоретски модел, најефикасно е да се решава со метод на симулација. Кај овие системи се настојува да се скрати времето на опслужување, што најадекватно се опишува со експоненцијална распределба изразена со функцијата:

$$F(t) = 1 - e^{-\mu t}$$

односно законот на веројатноста $f(t) = \mu e^{-\mu t}$

Средната вредност на времето за опслужување е $\frac{1}{\mu}$, а варијансата е $\sigma_t^2 = \frac{1}{\mu^2}$ при што μ е интензитет на опслужување т.е среден број на клиенти што се опслужуваат во единица време.

4.4 Редици на чекање

Редицата претставува точен број на клиенти кои треба да бидат опслужени (се разбира редицата може да биде и празна). Обично клиентот што се опслужува се смета дека не е во редицата. Максималната должина на редицата е вкупниот број на клиенти кои чекаат во редицата (плус оние кои се опслужуваат). Во практичните симулации редицата е ограничена, но некои теориски модели претпоставуваат дека редицата е со неограничена должина. Ако редицата е со ограничена должина некои клиенти ќе мора да бидат вратени без да бидат опслужени.

4.5 Дисциплини на редицата

Дисциплината го претставува начинот на кој се организира редицата (правила според кои клиентите влегуваат или излегуваат од редицата).

Врз основа на дисциплината во опслужувањето СМО може да се класифицираат различно. Една група системи се оние кај кои опслужувањето се врши според принципот „прв дојден-прв опслужен” **(FIFO)**. Друга група системи се оние кај кои опслужувањето се врши по спротивен ред „последен дојден-прв опслужен” **(LIFO)**. Друг начин на опслужување според дисциплината на редицата е **SIRO** (опслужување по случаен редослед), **редици со приоритет** (прво се опслужуваат клиентите со приоритет) како и многу други посложени методи на редење според кои се опслужуваат клиентите.

4.6 Опслужување

Опслужувањето (или сервисот) преставува активноста за која клиентите чекаат. Обично времетраењето на опслужувањето е случајно. Теоретските модели се базираат на случајна т.е. на експоненцијална распределба на времето на опслужување. Исто така важен параметер е и бројот на сервери. Според бројот на сервери - канали за опслужување СМО се делат на системи со еден сервер и системи кај кои опслужувањето се врши во повеќе сервери одеднаш.

Едноканални СМО се оние кај кои постои само еден сервер и опслужуваат само по еден клиент. *Повеќеканалните* СМО располагаат со повеќе сервери и тие опслужуваат повеќе клиенти истовремено. Ако во исто време опслужуваат k-клиенти се нарекуваат k-канални системи на масовно опслужување.

4.7 Квантитативен пристап на СМО

Системите на масовно опслужување се разгледуваат како стохастички процеси со квантитативен пристап заснован на нивните карактеристики.

Во првата фаза на квантитативното опфаќање на процесите на масовно опслужување се изнесуваат претпоставките врз кои се засновува моделот кои се однесуваат на:

а) текот на доаѓање;

б) времето на опслужување;

в) бројот на клиенти во системот;

г) режимот на редот на чекање.

Во втората фаза на квантитативното опфаќање на процесот на масовно опслужување се формира „математичкиот модел”, односно се формира систем на диференцијално-диференцни равенки, поаѓајќи од основните равенки:

$$p_n(t+\Delta t)=\sum_{i=0}^{m} p_i(t)p_{in}(\Delta t) \qquad\qquad n=0,1,2\ldots\ldots m$$

каде што симболите го имаат следното значење:

$p_i(t)$ - веројатноста дека СМО во моментот t се наоѓа во состојба i односно дека во моментот t во системот се наоѓаат i-клиенти;

$p_{in}(\Delta t)$ – преодна веројатност на Марков процес, т.е веројатност дека во интервалот со должина Δt системот од состојба i ќе премине со состојба n;

m – број на потенцијални клиенти во системот.

Во третата фаза на квантитативното опфаќање на процесите на масовно опслужување се решава добиениот систем на диференцијално - диференцни равенки. Посебен интерес претставува пресметувањето на финалните веројатности p_n врз чија основа се пресметуваат различни показатели на функционирањето на системот на масовно опслужување.

1) Просечни бројни вредности на СМО

- просечен број на клиенти (клиенти) во системот,
- просечен број на клиенти кои можат да бидат опслужени,
- просечен број на клиенти кои се наоѓаат во ред на чекање,
- просечен број на клиенти во опслужувачкиот систем(апаратите),
- просечен број на клиенти кои го напуштиле системот неопслужени,
- просечен број на слободни апарати (сервери,канали) и
- просечен број на зафатени апарати (сервери,канали).

2) Просечни времиња во СМО

- просечно време на чекање во ред за услуга,
- просечно време на задржување на клиентите во системот,
- просечно време на опслужување и
- просечно време на неработеност на системот или одредени апарати.

3) Показатели за пропустливата моќ на СМО

- апсолутна пропустлива моќ на системот и
- релативна пропустливост на системот.

4.7.1 Кендалова класификација на СМО

Со оглед на разликите кои постојат кај моделите со редови на чекање, воведени се ознаки од страна на Кендал во 1953 година, кои се познати како Кендалова класификација на СМО. Оваа класификација ги означува главните карактеристики на системот и се користи со следните симболи:

A/B/s/q/c/p

Овие симболи го имаат следново значење:

- A - распределба на интервал меѓу две пристигнувања на клиенити,
- B - распределба на време на опслужување,
- s (к) - број на сервери,
- q - дисциплина на редење (FIFO, LIFO…),
- c- капацитет на системот и
- p-големина на популација (број на можни клиенти).

За A и B можат да се земат следниве ознаки:

- M-Пуасонов поток на пристигнувањата или заминувањата,
- E_m-Ерлангова распределба,
- D- симбол за детерминистичко (познато) пристигнување и константно време на опслужување,

- G- општа (било која) распределба и
- GI-општа (било која) распределба со независни случајни променливи.

4.7.2 Едноканални СМО

Моделите на СМО со еден канал се засноваат врз следните претпоставки:

- текот на доаѓање е прост тек со параметар λ кој изразува просечен број доаѓања во единица време;
- времето на масовно опслужување е алеаторна променлива со експоненцијален распределба со параметар μ кој изразува просечен број опслужувања во единица време;
- во системот постои еден канал за опслужување $k(s) = 1$;
- бројот на потенцијалните канали не е ограничен, односно во системот може да се најде неограничен број клиенти;
- во случај на зафатеност наканалот клиентот завзема место на чекање, при што клиентите се опслужуваат по редослед на доаѓање.

$$p_1 = \frac{\lambda}{\mu} p_0$$

ако се означи со $\rho = \frac{\lambda}{\mu}$ факторот на опслужување на каналот/системот, се добива $p_1 = \rho p_0$ од каде што следува дека:

$$p_n = \frac{\lambda}{\mu} p_{n-1} = \rho p_{n-1}$$

Ако се замени за $n = 1,2,3 \ldots.$ ќе се добијат веројатностите $p_1, p_2, p_3, \ldots, p_n$ изразени во функцијата на p_0 односно

$$p_1 = \frac{\lambda}{\mu} p_0 = \rho p_0$$

$$p_2 = \frac{\lambda}{\mu} p_1 = (\frac{\lambda}{\mu})^2 p_0 = \rho^2 p_0$$

$$p_3 = \frac{\lambda}{\mu} p_2 = (\frac{\lambda}{\mu})^3 p_0 = \rho^3 p_0$$

$$p_n = \frac{\lambda}{\mu} p_{n-1} = (\frac{\lambda}{\mu})^n p_0 = \rho^n p_0$$

Од условот:

$$\sum_{n=0}^{\infty} p_n = 1$$

се добива:

$$p_0 \left[1 + \frac{\lambda}{\mu} + \left(\frac{\lambda}{\mu}\right)^2 + \left(\frac{\lambda}{\mu}\right)^3 + \cdots \right] = 1$$

бидејќи за $0 < \frac{\lambda}{\mu} < 1$

$$1 + \frac{\lambda}{\mu} + \left(\frac{\lambda}{\mu}\right)^2 + \left(\frac{\lambda}{\mu}\right)^3 + \cdots = \frac{1}{1 - \frac{\lambda}{\mu}}$$

следува

$$p_0 = 1 - \frac{\lambda}{\mu} = 1 - \rho$$

од каде се добива

$$p_n = \left(1 - \frac{\lambda}{\mu}\right)\left(\frac{\lambda}{\mu}\right)^n = (1 - \rho)\rho^n; \quad n = 0,1,2,3 \ldots$$

Во натамошното излагање ги даваме синтетизирано значајните показатели за функционирањето на едноканален систем за масовно опслужување.

Веројатноста за постојани состојби и n клиенти:

$$\sum_{n=0}^{\infty} p_n = p_0 \sum_{n=0}^{\infty} \rho^n = p_0 \frac{1}{1 - \rho} = 1$$

каде што

$p_0 = 1 - \rho$ - веројатност дека каналот е слободен;

$p_n = \rho p_{n-1} = \rho^n p_0 = \rho^n (1 - \rho)$ - веројатност дека системот има n клиенти;

Просечен број клиенти (клиенти):

- кои се опслужуваат $n_0 = \rho$
- во ред на чекање за услуга $n_r = \frac{\rho^2}{1-\rho}$

- во системот $n_s = n_0 + n_r = \frac{\rho}{1-\rho}$

Просечно време:

- на опслужување клиент $t_0 = \frac{1}{\mu}$
- на чекање клиент во ред за услуга $t_r = \frac{n_r}{\lambda} = \frac{n_s}{\mu} = \frac{1}{\mu} \cdot \frac{\rho}{1-\rho}$
- на задржување клиент во системот $t_s = t_r + t_0 = \frac{n_s}{\lambda} = \frac{t_r}{\rho} = \frac{1}{\mu} \cdot \frac{1}{1-\rho}$

Кај едноканалните СМО со откази клиентот пристапува кон серверот (касата) ако е таа слободна, но ако е зафатена добива отказ. Оттука произлегува дека системот има две можни состојби - зафатено или слободно, односно во системот нема ниту една клиент или има една клиент.

Ако p_0 е веројатност дека во системот нема да има клиент тогаш:

$$p_1 = \frac{\lambda}{\mu} p_0 = \rho p_0$$

Веројатностите p_0 и p_1 го задоволуваат условот $p_0 + p_1 = 1$, од каде се добива:

$$p_0 = \frac{\mu}{\lambda+\mu} \text{ и } p_1 = \frac{\lambda}{\lambda+\mu}$$

За познати веројатности p_0 и p_1 можат да се одредат останатите параметри на системот на масовно опслужување со откази:

- просечен број на клиенти во системот $n_s = p_1 = \frac{\lambda}{\lambda+\mu}$
- просечно време на задржување на клиент во системот $t_s = \frac{1}{\lambda} p_1 = \frac{1}{\lambda+\mu} = \frac{1}{\lambda} n_s$
- просечно време на опслужување, бидејќи $t_r = 0$ $t_0 = \frac{1}{\lambda+\mu}$

Релативната пропустлива моќ на системот се одредува преку веројатноста за отказ. Бидејќи се работи за систем со една станица и со отказ, тоа значи дека секоја клиент која ќе дојде во системот кога во него има веќе една клиент добива отказ. Веројатноста за добивање отказ изнесува:

$$p_{otk} = p_1 = \frac{\lambda}{\lambda + \mu}$$

и произлегува дека релативната пропустлива моќ на системот е

$$r_p = 1 - p_{otk} = 1 - \frac{\lambda}{\lambda + \mu} = \frac{\mu}{\lambda + \mu} = p_0$$

Апсолутната пропустлива моќ е

$$a_p = \lambda r_p = \frac{\lambda\mu}{\lambda + \mu}$$

Овие параметри се однесуваат за стационарни системи на масовно опслужување со една станица и можност за добивање отказ.

4.7.3 Повеќеканални СМО

Многу проблеми на масовно опслужување наложуваат решавање со истовремено опслужување на повеќе клиенти. Во пракса такви случаи се јавуваат кај сервисните служби, во продавници, сообраќајот на раскрсници при што растеретувањето на формираните редови се врши на тој начин што истовремено се опслужуваат повеќе клиенти, а не само една како во случајот со едноканалните СМО.

Моделите на СМО со повеќе канали (сервери) ќе ги разгледаме под исти или слични претпоставки, односно дека доаѓањата во системот се распределени по Poisson-овиот закон, а времетраењето на опслужувањата има експоненцијална распределба. Ако системот има k-канали[8], можно е да се јават следните случаи:

- ако бројот на клиентите (клиентите) n е помал од бројот на каналите $k\ (s)$ т.е $n < k$, не доаѓа до формирање на ред на чекање, бидејќи секоја клиент која ќе влезе во системот веднаш се упатува кон слободен канал на опслужување;
- кога бројот на клиентите во системот е поголем или еднаков со бројот на каналите т.е $n \geq k$ постои можност за формирање ред на чекање, така што во редот се наоѓат $n - k$ клиенти.

Ќе бидат користени параметрите:

λ е интензитет (брзина) на текот на доаѓања (просечен број доаѓања во единица време);

[8] Во литературата се користат различни ознаки за бројот на канали и притоа покрај $\boldsymbol{\kappa}$ исто така се користи и ознаката $\boldsymbol{s}$.

μ е интензитет (брзина) на опслужување по канал;

$\rho = \frac{\lambda}{\mu}$ претставува фактор на опслужување по канал;

$\rho_s = \frac{\lambda}{k\mu} = \frac{\rho}{k}$ е фактор на опслужување на системот.

$$p_n = \frac{\rho^n}{n!} \cdot p_0 \qquad\qquad 0 < n < k$$

$$p_n = \frac{\rho^n}{k!\,k^{n-k}} \qquad\qquad n \geq k$$

Користејќи го фактот дека сумата на веројатностите мора да биде 1, се добива:

$$\sum_{n=0}^{\infty} p_n = p_0(\sum_{n=0}^{k} \frac{\rho^n}{n!} + \frac{1}{k!} \sum_{n=k+1}^{\infty} \frac{\rho^n}{k^{n-k}}) = 1$$

и

$$p_0 = \left(\sum_{n=0}^{k} \frac{\rho^n}{n!} + \frac{\rho^k}{k!} \cdot \frac{\rho_s}{1-\rho_s}\right)^{-1}$$

е веројатност дека сите канали се слободни, односно во системот не се наоѓа ниту еден клиент.

За систем со откази:

$$p_0 = \left(\sum_{n=0}^{k} \frac{\rho^n}{n!}\right)^{-1}$$

Веројатноста дека во системот има n клиенти е дадена со изразите:

$$p_n = \begin{cases} \frac{\rho}{n} \rho_{n-1} & n < k \\ \rho_s \rho_{n-1} & n \geq k \end{cases}$$

Во натамошното излагање ги даваме карактеристичните и позначајни показатели за функционирањето на повеќеканалните системи на масовно опслужување:

$r_p = 1 - p_{otk}$ - релативна пропустлива моќност на системот (однос меѓу опслужени и пристигнати клиенти);

$a_p = \lambda \cdot r_p$ - апсолутна пропустлива моќ на системот (остварени опслужувања во единица време).

Просечен број клиенти (клиенти):

- кои се опслужуваат n_0 :

$$n_0 = p_1 + 2p_2 + 3p_3 + \cdots + (k-1)p_{k-1} + k(1 - p_0 - p_1 - p_2 - p_k - \cdots - p_{k-1})$$

- во ред на чекање за услуга n_r :

$$n_r = p_{k+1} + 2p_{k+2} + 3p_{k+3} + \cdots + (n-k)p_n + \cdots = p_0 \frac{\rho^k}{k!} \frac{\rho_s}{(1-\rho_s)^2}$$

- во системот $n_s = n_0 + n_r$:

$$n_s = \sum_{n=0}^{\infty} np_n = p_0[\sum_{n=o}^{\infty} n\frac{\rho^n}{n!} + \frac{\rho^k}{k!} \cdot \frac{\rho_s}{1-\rho_s}(k + \frac{1}{1-\rho_s})]$$

Просечен број (q) на неискористени канали (сервери) во системот:

$$q = \sum_{n=0}^{k} (k-n)p_n = k - \rho$$

Постои врска меѓу просечните вредности n_s, n_r и q, изразена во следната форма:

$$n_s = n_r + k - q = n_r + \rho$$

Просечно време:

- $t_0 = \frac{1}{\mu}$ - на опслужување клиент;

- $t_r = \frac{n_r}{\lambda} = \frac{1}{k\mu} \cdot \frac{\rho^k}{k!} \frac{1}{(1-\rho)^2}$ - на чекање клиент во ред за услуга;

- $t_s = t_r + t_0 = \frac{1}{\mu} + t_r$ - на задржување клиент во системот.

5. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Наша **цел** во овој магистерски труд е да се изградат релативно едноставни модели (детерминистички и стохастички) кои ќе обезбедат доволно блиска апроксимација на сложената реалност со што ќе се добијат корисни претстави за проблемите. Уметноста на градење модели ја препознава неможноста да бидат претставени сите од многуте поединечни влијанија врз зависната променлива и настојува да ги избере највлијателните променливи. Потоа, неопходно е да се формулира модел за прикажување на зависностите помеѓу овие фактори.

Предмет на нашето истражување е проучувањето на методи за конструкција на едноставни математички модели лесни за толкување, но не и премногу поедноставени за да ги игнорираат важните надворешни влијанија. Детерминистичките модели се креирани на случаен примерок од супермаркет во Струмица. Стохастичките модели беа изградени и анализирани со примена на симулациски методи користејќи софтверска апликација.

Резултатите од направеното истражување беа толкувани и беа дадени предлози за решенија на проблемите преку анализа на креираните модели.

6. ХИПОТЕТИЧКА РАМКА

Поаѓајќи од целите на истражувањето ***генералната*** или ***главната хипотеза*** на нашето истражување се темели на сознанието дека во денешни услови компаниите односно доносителите на одлуки не ги користат (многу малку) квантитативните методи во деловното одлучување. Како резултат на тоа се наметнува потребата од примена на квантитативните модели во процесот на донесување на одлуки. Во контекст на тоа, во вршењето на квантитативната анализа во деловното одлучување клучна алатка при донесувањето на одлуки се *математичките модели* кои даваат поедноставена претстава за реалните проблеми, инкорпорирајќи ги само релевантните податоци кои на доносителите на одлуки им се потребни во процесот на решавање на дадените проблеми.

Поставувањето на хипотезата е детерминирано од придобивките и неопходноста на воведување на конструирани модели во современиот деловен свет кои ќе дадат попрецизна и поедноставена илустрација на различни проблеми. Како ***посебни*** односно ***споредни хипотези кои*** ја потврдуваат генералната хипотеза во трудот се следните:

- ✓ Многу е поефтино проблемите во деловната практика да се анализираат со користење на математички модели. Исто така, покрај ниските финансиски трошоци за изградба на модел, анализата со помош на моделирање на доносителите на одлуки може да им помогне да ги избегнат грешките кои носат големи трошоци предизвикани од погрешни одлуки. Пример, како дел од истражувањето во магистерскиот труд се моделите на залиха, при што со нивното креирање и резултатите добиени од нив, ние утврдивме дека многу полесно е да се пронајдат оптималните нивоа на залихи како и другите оптимални големини доколку се користат овие детерминистички модели, бидејќи во спротивно деловните компании би се соочиле со големи трошоци и низа потешкотии за нивно утврдување.
- ✓ Математичките модели побрзо и понавремено ги доставуваат потребните информации. Ажурноста е од големо значење, особено кога се работи за важни информации кои се неопходни на доносителите на

одлуки да им бидат достапни навреме, бидејќи во спротивно истите нема да бидат валидни. Во овие случаи, можеме да креираме модели кои на на нив ќе им помогнат да ги предвидат податоците кои им недостасуваат и со тоа полесно да ги донесат тековните одлуки.

- ✓ Примената на математичките модели често овозможува да се разгледаат работи кои речиси е невозможно да бидат направени во реалноста. На пример, во нашето истражување се земени системите на масовно опслужување во супермаркетите „Хоризонт“ – Струмица. Притоа преку процесот на моделирање ние имавме можност да направиме предвидувања за просечниот број на клиенти кои ќе доаѓаат на час, за колку време секој ќе биде опслужен, која ќе биде искористеноста на системот итн. Без употребата на тие стохастички модели доносителите на одлуки во деловните компании многу тешко или речиси невозможно е да ги направат тие предвидувања и да донесат правилни одлуки кои ќе дадат максимални резултати.

7. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА

Во процесот на реализација на истражувањето беа користени повеќе истражувачки методи меѓу кои: аналитички метод, симулации, дескриптивна анализа, квалитативна анализа, квантитативна анализа како и компаративна анализа.

Употребата на методите на квантитативната анализа е еден од начините да ја намалиме комплексноста на проблемската ситуација која е предмет на наше разгледување. Таа ни помогна да ја составиме листата на мерливи позитивни и негативни влијанија, како и да го формираме правецот на избор и делување, за да се надминат негативните тенденции во конкретната ситуација. При квантитативната анализа користевме некои од квантитативните методи, кај кои податоците и информациите се прикажани со бројки, што овозможува откривање и утврдување на точни, квантитативни релации, врски и односи на одредениот проблем. Параметрите добиени во рамките на квантитативната анализа, ни служат како инпути во примената на математичките модели и компјутерската обработка.

Аналитичкиот метод беше користен во креирањето на детерминистичките модели односно моделите на залиха. Употребата на аналитичките методи особено е корисна за донесувањето на т.н. тешки одлуки во деловното одлучување. Тие овозможуваат изградба на добар стратегиски пристап за одлучување. Добиените информации со помош на аналитичките методи го смалуваат ризикот и неизвесноста, овозможуваат алтернативите да се погледаат од голем број различни перспективи, како и помагаат доносителот на одлуката да донесе цврсти заклучоци.

Исто така беше користена и квалитативна анализа која е доста важна при структурирање на проблемот и неговото анализирање. Притоа преку анализата беше извршена оценка на можните алтернативни решенија кои произлегоа како резултат на процесот на моделирање, при што беше избрано најдоброто.

Симулацискиот метод беше користен во конструкцијата на стохастичките модели односно системите на масовно опслужување. Симулацијата беше извршена со користење на софтверската апликација **WinQSB** *за симулација на системи на масовно опслужување.*

Податоците кои се добиени од компанијата „Хоризонт“ - Струмица се обработени во Excel 2007 во насока на креирање на моделите кои се предмет на разгледување.

На крајот применивме компаративна анализа каде беше извршена споредба помеѓу различните модели и дадовме сугестии за конструкција на модели за кои сметаме дека се применливи во деловната практика во нашата држава.

8. РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Теренското истражување беше реализирано во компанијата „Хоризонт“ - Струмица која располага со ланец на супермаркети и магацини во склоп на истите. Податоците кои ги добивме во периодот на опсервација од 1.3.2014 до 31.3.2014 беа обработени и истите се искористени во процесот на моделирање и обработка на некои од основните модели опфатени во нашиот труд.

Најпрво, се дадени резултатите кои се добиени при креирањето на *моделите на залихи*, со примена на табеларен и графички приказ во Excel 2007. Притоа во прилог е претставен шематски приказ на текот на одвивање на набавните активности на компанијата „Хоризонт“ и ќе бидат земени во предвид можните алтернативи за изнаоѓање на оптималните големини, со посебен осврт на оптималните количества на залихи со кои треба да располага компанијата, се со цел постигнување на поголема ефикасност во работењето.

Во другата фаза е направен детален опис на излезните резултати од конструкцијата на стохастичите модели т.е. од системите на масовно опслужување, врз основа на кои ќе се понуди разумна задоволителна услуга на клиентите што чекаат во редот на опслужување. Основните показатели на функционирање на редовите на чекање беа пресметани во Excel 2007, при што даваме графички и табеларен приказ на истите. Ќе бидат анализирани и резултатите добиени со симулација на некои од моделите и ќе бидат дадени предлози во однос на имплементациија на резултатите кои произлегуваат од нашето истражување на редовите на чекање.

8.1 Тек на набавните активности на супермаркетите

Компанијата има еден голем магацин и три супермаркети во кои е сместен еден од споредните магацини во кој се врши главната набавка на производите наменети за продажба во супермаркетите. Набавката на производите се врши на одреден временски период, при што понатаму подетално е разгледан, и истата е проследена со одделни видови на трошоци. Во прилог даваме шематски приказ на одвивањето на циклусот на набавка.



Слика 3. Шематски приказ на текот на набавните активности во компанијата

Figure 3. Schematic representation of the procurement activities

Според шематскиот приказ даден на Слика 3 набавните активности на компанијата започнуваат најпрво со пристигнување на нарачаните количини во главниот магацин. Оттаму, нарачките се примаат во споредниот магацин на првиот супермаркет во Струмица, од кој понатаму се распределуваат нарачаните количини на производи во магацините на другите два супермаркети.

Кога станува збор за магацинскиот простор, во нашето истражување како предмет на разгледување беше земен *споредниот магацин*, бидејќи нарачката од главниот магацин на компанијата се доставува директно во него. Одовде, важноста на овој магацин е голема затоа што преку него се снабдуваат и останатите два маркети. Од таа причина многу е важно да се детерминира

оптималното количество на производи кои треба да бидат испорачани во споредниот магацин, а притоа да нема дефицит или суфицит на залихи.
Можните алтернативни решенија произлегоа од резултатите кои ги добивме при процесот на моделирање т.е. во процесот на градење на математички модели на залихи.

8.2 Резултати од конструкција на модели на залихи за различни производи со можно ограничување

Во овој труд креиравме модел на залихи каде постои можно ограничување за супермаркетите, односно постои ограничен складишен простор во кој се чуваат набавените производи на залиха. Во нашиот случај, компанијата „Хоризонт“ набавките со кои се снабдува првиот супермаркет, а воедно и другите два, ги прима во споредниот магацин на првиот супермаркет кој има ограничен простор. Од таа причина ние креиравме модел со кој беа утврдени оптималните количини на набавка, каде беше детерминирана најсоодветната големина на набавката на производите кои заземаат различен дел од магацинскиот простор на супермаркетот.
Притоа за време на истражувањето беа земени 20 различни производи кои во супермаркетите „Хоризонт“ се набавуваат секој месец. Со изградбата на моделот воедно ќе бидат прикажани и оптималните количини на набавка за сите 20 производи кои истовремено ги инкорпорираат сите трошоци кои произлегуваат во текот на работењето.
Подолу е даден табеларен приказ на 20 различни производи во супермаркетите, како и нивните карактеристики.

Табела 1. Преглед на различни производи во супермаркетот и нивните главни карактеристики
Table 1. Review of a different kind of products of a supermarket and their main characteristics

Вид на производ Type of product	Побарувачка (парче) кј Demand (pcs) **кј**	фиксни трошоци (МКД)[9] **cj** fixed costs (MKD)**cj**	трошоци на набавка (МКД) **aj** procurement costs (MKD) **aj**	трошоци на складирање[10] (МКД) **rj** storage costs (MKD) **rj**	складишен простор по п-вод (м ^{3})[11] **vj** storage space per product (m^3) **vj**
I	100	30000	26000	0.007	1.5
II	84	30000	22560	0.009	0.9
III	70	30000	23100	0.01	0.7
IV	83	30000	24900	0.009	0.8
V	90	30000	26200	0.008	1.1
VI	94	30000	25700	0.008	1.2
VI	87	30000	24850	0.009	1.3
VIII	85	30000	25780	0.009	0.9
IX	78	30000	24000	0.009	0.8
X	97	30000	26360	0.007	1.2
XI	90	30000	25880	0.007	1.1
XII	76	30000	23820	0.01	0.7
XIII	92	30000	25450	0.008	1.1
XIV	67	30000	24480	0.02	0.8
XV	70	30000	24500	0.01	0.7
XVI	87	30000	25900	0.008	0.8
XVII	95	30000	24700	0.008	1.1
XVIII	80	30000	22300	0.01	0.8
XIX	75	30000	24370	0.02	0.7
XX	86	30000	24780	0.01	0.9

Во Табела 1 е прикажана побарувачката за производите која однапред е детерминирана, фиксните трошоци во магацинот на супермаркетот 1, потоа трошоците на набавка кои произлегуваат од цените што се плаќаат за набавка на производите. Овие трошоци можат да бидат променливи, односно зависат од количината на нарачаните производи, па поради тоа ние креиравме модел со кој се определуваат оптималните количества, каде беа одредени и вкупните трошоци. Исто така дадени се и трошоците на складирање чија вредност е изразена процентуално од вредноста на залихите, како и складишниот простор

[9] Изразено во македонски денари (МКД).
[10] Овие трошоци се изразени процентуално, односно изнесуваат процент од вредноста на залихите.
[11] Изразено во метри кубни (м^3).

кој го зазема секој од производите во вкупниот простор на магацинот. Целокупниот магацински простор во супермаркетот 1 изнесува **1460 м^3**. Според тоа просторот кој го заземаат овие производи не треба да го надминува волуменот на вкупниот магацински простор во супермаркетот. Притоа конструкцијата на нашиот математички модел ни овозможува да се пронајде отималната политика на набавка на производите која треба да ја води супермаркетот, а истовремено да не биде надминат лимитирачкиот фактор.

За утврдување на оптималните количини кои супермаркетот треба да ги нарача, беше користен Lagrange – овиот множител λ, кој треба да одговара на решенијата за одредување на оптималните големини на нарачките чијшто волумен е најблиску до вкупниот волумен на капацитетот на магацинот. Меѓутоа $\lambda \leq 0$, затоа што множителот треба да влијае во однос на намалувањето на нарачката, што произлегува од постоењето на ограничен магацински простор, бидејќи во спротивно ограничувањето нема да има влијание врз решавањето на проблемот со кој се соочува супермаркетот.

Во табела 1 се внесени карактеристиките на различните производи и врз основа на дадените вредности беше одредена оптималната големина на набавка за секој производ, а исто така беше пронајдена и вредноста на Lagrange – овиот множител λ според кој набавката зазема простор кој е најблиску до ограничувањето. Големините на набавката за различни вредонсти $\lambda \leq 0$ беа детерминирани врз основа на релацијата:

$$q_{j0} = \sqrt{\frac{2c_j k_j}{r_j a_j - \lambda v_j}}$$

Вкупниот магацински простор кој го заземаат производите, без да се надмине ограничениот простор беше одреден врз основа на изразот:

$$V \geq \frac{1}{2}\sum_{j=1}^{n} v_j q_j \qquad q_j > 0, \qquad \mathrm{j} = 1,2,\dots,\mathrm{n}$$

Вкупниот волумен на магицинот е $V =$**1460 м^3**.

Врз основа на наведените пресметки се формира следнава табела во која се одредува оптималното решение:

1	lambda λ	q_1	q_2	q_3	q_4	q_5	q_6	q_7	q_8	q_9	q_{10}	q_{11}	q_{12}	q_{13}	q_{14}	q_{15}	q_{16}	q_{17}	q_{18}	q_{19}	q_{20}	Вкупно складишен простор
2	0	181.5683	157.5522	134.84	149.0712	160.5097	165.6258	152.7745	148.2594	147.196	177.5987	172.6497	138.3603	164.6572	90.6134	130.9307	158.7232	169.8416	146.7129	96.0867	144.3026	1463.180533
3	-0.001	181.5675	157.5518	134.84	149.0709	160.5093	165.6253	152.774	148.2592	147.1957	177.5981	172.6491	138.3601	164.6567	90.6133	130.9305	158.7229	169.8411	146.7126	96.0867	144.3024	1463.176912
4	-0.002	181.5668	157.5515	134.84	149.0707	160.5088	165.6248	152.7736	148.2589	147.1955	177.5975	172.6486	138.3599	164.6563	90.6132	130.9304	158.7226	169.8406	146.7123	96.0866	144.3021	1463.173292
5	-0.003	181.566	157.5512	134.84	149.0704	160.5084	165.6244	152.7731	148.2586	147.1952	177.5969	172.6481	138.3597	164.6558	90.6132	130.9302	158.7223	169.8401	146.7121	96.0865	144.3018	1463.169672
6	-0.01	181.5608	157.5487	134.84	149.0685	160.5055	165.621	152.77	148.2566	147.1933	177.5929	172.6444	138.3583	164.6527	90.6126	130.9289	158.7201	169.8368	146.7102	96.0861	144.3	1463.144329
7	-0.015	181.557	157.547	134.84	149.0672	160.5034	165.6186	152.7678	148.2551	147.1919	177.59	172.6418	138.3573	164.6505	90.6123	130.9279	158.7186	169.8345	146.7089	96.0857	144.2987	1463.126229
   Нека τ е времето до следното пристигнување почнувајќи од t_0 до t_1 т.е. (t_0- t_1) .

   $P(\tau_1 > t) = P_0(t) = e^{-\mu t}$

   Тогаш $P(\tau_1 \leq t) = F_{\tau_1}(t) = 1 - e^{-\mu t}$ и $f_{\tau_1}(t) = \mu e^{-\mu t}$ за $t > 0$

   Слично на ова, случајните променливи τ_1, τ_2,..., τ_n,…на времето помеѓу пристигнувањата се меѓусебно независни и секоја од нив се карактеризира со експоненцијална распределба со средна вредност $\frac{1}{\mu}$.

3) Времето на опслужување подлежи на експоненцијална распределба. Должината на времето помеѓу пристигнувањата и заминувањата ја содржи должината на редот и времето на опслужување. Па, согласно на тоа временските интервали на опслужување на клиентите се експоненцијално распределени.
4) Ослужувањето кое се врши е идентично за сите каси кои се наоѓаат паралелно една до друга.

5) Ниту еден клиент не го напушта редот сѐ додека не биде опслужен.
6) Постои неограничена популација од клиенти во системот (супермаркетот) т.е. не постои ограничен капацитет на должината на редот на чекање.
7) Клиентите се опслужуваат според методот FIFO (прв дојден – прв опслужен). Сите тие имаат еднаков третман во однос на чекањето во редот за услуга и притоа се почитува редоследот на доаѓање. Бидејќи клиентите во редот се опслужуваат по истиот редослед по кој доаѓаат, тоа значи дека првиот клиент кој доаѓа во редот е прв кој заминува од него.

8.5 Резултати од примена на едноканален систем на масовно опслужување

Модел со еден ред и еден сервер (каса)M/M/1

Кај овој модел ги поставуваме следните претпоставки:

- Потои еден сервер т.е. една каса $s(k) = 1$
- λ – просечен број на доаѓања (различен за секој ден од неделата)
- Интензитетот на опслужување е еднаков во текот на цела недела $\mu = 30$ (понеделник - недела)



Слика 11. Едноканален СМО со еден ред и една каса **M/M/1**
Figure 11.Single Stage Queuing system with Single- Queue and Single –Server **M/M/1**

Овој модел е означен како **M/M/1**, каде првата ознака **M** претставува Марков процес или Маркова експоненцијална распределба[12] на времето помеѓу пристигнувањата, втората ознака **M** претставува Маркова експоненцијална распределба на времето на опслужување, а ознаката **1** (во општ облик позната како s (е позитивен цел број)) го означува бројот на сервери, во нашиот случај бројот на каси.

❖ НЕДЕЛНА АНАЛИЗА НА РЕДОВИТЕ НА ЧЕКАЊЕ

Во ***понеделник*** пристигнуваат просечно 18 клиенти на час ($\lambda = 18$) кои се одвиваат според Пуасоновата дистрибуција, при што 30 клиенти просечно се опслужуваат на час од еден продавач ($\mu = 30$) проследени со експоненцијална распределба.

Табела 5. Веројатност за појавување на n доаѓања според Пуасоновиот закон за распределба ($\lambda = 18$)
Table 5. Probability of occurrence of n arrivals following Poisson distribution ($\lambda = 18$)

n	Pn
0	0.00000001
1	0.00000027
2	0.00000247
3	0.0000148
4	0.00006661
5	0.000239817
6	0.000719452
7	0.00185002
8	0.004162544
9	0.008325088
10	0.014985159
11	0.024521169
12	0.036781753
13	0.050928581
14	0.065479604
15	0.078575525
16	0.088397466
17	0.093597316

ПРОДОЛЖУВА	
18	0.093597316
19	0.088671142
20	0.079804028
21	0.068403452
22	0.055966461
23	0.043799839
24	0.032849879
25	0.023651913
26	0.016374401
27	0.010916268
28	0.007017601
29	0.004355752
30	0.002613451
31	0.001517488
32	0.000853587
33	0.000465593
СУМА	**1**

[12] Еден стохастички процес претставува Марков процес (според Рускиот математичар Andrey Andreyevich Markov) ако во било кое време t условната веројатност за произволен иден настан даден со претходната состојба на процесот, т.е. дадено $X(s)$за $s \leq t$ - е еднаква на условната веројатност на тој иден настан даден само како $X(t)$. Така, со цел да се направи преглед на веројатноста за случување на настани во иднината се користат Маркови процеси.

Слика 12.Пуасонова распределба на доаѓањатасо средна вредност $\lambda = 18$
Figure 12. Poisson distribution of arrivals with mean $\lambda = 18$

Во Табела 5 вредностите во втората колона $\boldsymbol{Pn}$ претставуваат веројатности кои се поврзани сосекоја од вредностите од првата колона $\boldsymbol{n}$. На пример, втората вредност која е прикажана во првата колона покажува дека 0.00000027 постои веројатноство супермаркетот да пристигне 1 клиент.

Подолу даваме графички приказ за Пуасоновата распределба на пристигнувањата на клиентите на час.

Графикот на Слика 12 покажува дека според Пуасоновиот закон за распределба, просечно може да се очекуваат 18 клиенти на час, но бидејќи Пуасоновата распределба на пристигнувањата оди кон десно тоа значи дека може да пристигнат многу повеќе клиенти (во овој случај 30 и повеќе) во време од 1 час.

Согласно на Табела 5 и Слика 12 веројатноста да пристигнат 6 клиенти е 0.000719452. Меѓутоа тие 6 пристигнувања сигурно нема да се случат во исто време. Во некој случаен временски интервал повторно ќе се појави ново пристигнување. Овој период е познат како период или време помеѓу две пристигнувања. Доколку времето на пристигнување на клиентите на час е проследено со Пуасоновата распределба со средна вредност λ, тогаш може да се согледа дека времето помеѓу две пристигнувања е проследено со експоненцијална распределба со средна вредност $\frac{1}{\lambda}$.

Ако во понеделник просечно пристигнуваат 18 клиенти на час $\lambda = 18$ според Пуасоновиот поток, времето помеѓу две пристигнувања проследено со експоненцијална распределба има просечна вредност $\frac{1}{18} = 0.055$ часа. Тоа значи дека клиентите ќе пристигнуваат просечно на секои 3.3 минути $(0.05 \times 60\ min = 3.3\ min)$.

Табела 6.Веројатност за времето на опслужување во различни временски интервали
Table 6. Probability of service time in different time intervals

ВРЕМЕ НА ОПСЛУЖУВАЊЕ			**ВЕРОЈАТНОСТ**
0	до	**0.05**	0.77686984
0.05	до	**0.1**	0.173343092
0.1	до	**0.15**	0.038678072
0.15	до	**0.2**	0.008630244
0.2	до	**0.25**	0.001925668
0.25	до	**0.3**	0.000429675
0.3	**до**	**0.35**	9.58734E-05
0.35	до	**0.4**	2.13922E-05
0.4	до	**0.45**	4.77325E-06
0.45	до	**0.5**	1.06506E-06
0.5	до	**0.55**	2.37646E-07
0.55	до	**0.6**	5.30261E-08
0.6	до	**0.65**	1.18317E-08
0.65	до	**0.7**	2.64001E-09
0.7	до	**0.75**	5.89066E-10
0.75	до	**0.8**	1.31438E-10
0.8	до	**0.85**	2.93279E-11
0.85	до	**0.9**	6.54393E-12
0.9	до	**0.95**	1.46015E-12
0.95	до	**1**	3.25803E-13

Во Табела 6 е прикажана веројатноста за времето на опслужување која опаѓа во различни временски интервали. На пример, првата вредност за веројатноста покажува дека 0.77686984 постои веројатност дека времето на опслужување ќе се движи во временскиот интервал меѓу 0 и 0.05 часа.



Слика 13.Експоненцијална распределба на времето на опслужување со $\mu = 30$
Figure 13. Exponential distribution of service time with $\mu = 30$

Графикот на Слика 13 покажува дека за експоненцијална распределба пократките временски периоди на опслужување имаат поголема веројатност за да се случат. Поради тоа графичкиот приказ кој ја претставува екпоненцијалната распределба на времето на опслужување има тенденција на опаѓање. Во реалноста обично е потребно малку време за да се обезбедат повеќето услуги.

Од применaта на моделот добивме:

$\lambda = 18$ клиенти на час

$\mu = 30$ клиенти на час се опслужуваат од една каса

$s = 1$ - работи само една каса

$\rho = \frac{\lambda}{\mu} = \frac{18}{30} = 0.6 \quad \Rightarrow \quad \rho = 60\%$ изнесува просечната искористеност на системот

Просечниот број на клиенти кои се наоѓаат во ред на чекање за услуга

$$n_r = \frac{\rho^2}{1-\rho} = \frac{0.6^2}{1-0.6} = \frac{0.36}{0.4} = 0.9 \sim 1$$

Го одредуваме просечниот број на клиенти кои се наоѓаат во супермаркетот:

$$n_s = \frac{\rho}{1-\rho} = \frac{0.6}{1-0.4} = \frac{0.6}{0.4} = 1.5$$

Просечниот број на клиенти кои се опслужуваат во супермаркетот е:

$$n_0 = \rho = 0.6$$

Просечното време за опслужување на еден клиент на час е:

$$t_0 = \frac{1}{\mu} = \frac{1}{30} = 0.0333 = 1.998\, min$$

Просечното време на чекање на клиентот во ред за услуга изнесува:

$$t_r = \frac{n_r}{\lambda} = \frac{0.9}{18} = 0.05 = 3min$$

Просечното време на задржување на клиентот во системот:

$$t_s = \frac{1}{\mu} \cdot \frac{1}{1-\rho} = \frac{1}{30} \cdot \frac{1}{1-0.6} = 0.0333 \cdot \frac{1}{0.4} = 0.0333 \cdot 2.5 = 0.0833 = 4{,}998\, min$$

Веројатноста дека касата е слободна е $P_0 = 1 - \rho = 0.4 = 40\%$

Интерпретација на резултатите добиени од моделот М/М/1 за понеделник

Извршувањето на услугата е многу добро. Во понеделник, просечното време на чекање на клиентите во ред за услуга ($t_r = 3min$) не е толку долго, додека во просек 1 клиент на час мора да чека во ред.Бидејќи процентот на неискористеност на серверот е еднаков на веројатноста дека нема клиент во системот $P_0 = 0.4$ значи 40% серверот е слободна. ***Можеме да заклучиме дека касата ги задоволува потребите на клиентите.***

Во ***вторник*** пристигнуваат просечно 20 клиенти на час ($\lambda = 20$) кои ја следат Пуасоновата распределба, каде исто така 30 клиенти просечно се опслужуваат на час од еден продавач ($\mu = 30$) и истите се проследени со експоненцијална распределба.

Табела 7. Веројатност за појавување на n доаѓања според Пуасоновиот закон за распределба ($\lambda = 20$)
Table 7. Probability of occurrence of n arrivals following Poisson distribution ($\lambda = 20$)

n	P_n
0	8.472E-28
1	4.12231E-08
2	4.12231E-07
3	2.7482E-06
4	1.3741E-05
5	5.49641E-05
6	0.000183214
7	0.000523468
8	0.001308669
9	0.002908153
10	0.005816307
11	0.010575103
12	0.017625171
13	0.027115648
14	0.03873664
15	0.051648854
16	0.064561067
17	0.075954196
18	0.084393552
ПРОДОЛЖУВА	
19	0.088835317
20	0.088835317
21	0.084605064
22	0.076913695
23	0.066881474
24	0.055734561
25	0.044587649
26	0.034298192
27	0.025406068
28	0.018147191
29	0.012515304
30	0.008343536
31	0.005382927
32	0.003364329
33	0.002038987
34	0.001199404
35	0.000685374
СУМА	**1**

Во Табела 7 вредностите кои се прикажани во втората колона $\boldsymbol{Pn}$ претставуваат веројатности кои се во однос со секоја од вредностите од првата колона $\boldsymbol{n}$ кои означуваат број на доаѓања на клиенти.Во овој случај акоземеме пример, третата вредност која е прикажана во првата колона покажува дека 0.000000412 постои веројатност во супермаркетот да пристигнат 2 клиенти.

Исто така и овде е даден графички приказ за пристигнувањата на клиентите проследени од Пуасонова распределба.

Слика 14. Пуасонова распределба на доаѓањата со средна вредност $\lambda = 20$
Figure 14. Poisson distribution of arrivals with mean $\lambda = 20$

Како што покажува графичкиот приказ може да се забележи дека најголема е веројатноста за пристигнување на 20 клиенти во просек на час, но со оглед на движењето на Пуасановата распределба сепак не е исклучена можноста да пристигнат поголем број клиенти, дури и повеќе од 30 (Сл. 14).

Во вторник просечно пристигнуваат 20 клиенти на час $\lambda = 20$ според Пуасоновата распределба, тогаш времето помеѓу две пристигнувања проследено со експоненцијална распределба има просечна вредност $\frac{1}{20} = 0.05$ часа. Одовде произлегува дека клиентите ќе пристигнуваат просечно на секои 3 минути $(0.05 \times 60 \text{ min} = 3 \text{ min})$.

Табела 8. Веројатност за времето на опслужување во различни временски интервали

Table 8.Probability of service time in different time intervals

ВРЕМЕ НА ОПСЛУЖУВАЊЕ			ВЕРОЈАТНОСТ
0	до	**0.067**	0.866011325
0.067	до	**0.134**	0.11603571
0.134	до	**0.201**	0.015547471
0.201	до	**0.268**	0.002083185
0.268	до	**0.335**	0.000279123
0.335	до	**0.402**	3.73993E-05
0.402	до	**0.469**	5.01109E-06
0.469	до	**0.536**	6.71429E-07
0.536	до	**0.603**	8.99639E-08
0.603	до	**0.67**	1.20541E-08
0.67	до	**0.737**	1.61512E-09
0.737	до	**0.804**	2.16408E-10
0.804	до	**0.871**	2.89962E-11
0.871	до	**0.938**	3.88516E-12

Во Табела 8 се прикажани веројатностите за времето на опслужување. Притоа дадени се различни временски интервали заедно со веројатноста за случување. Пример, 0.11603571 постои веројатност времето на опслужување да биде во интервалот меѓу 0.067 и 0.134 часа.



Слика 15. Експоненцијална распределба на времето на опслужување со $\mu = 30$

Figure 15.Exponential distribution of service time with $\mu = 30$

Графичкиот приказ за експоненцијалната распределба на времето на опслужување има опаѓачки тренд, што ни укажува дека постои најголема веројатност опслужувањето да се случува во пократките временски интервали (сл.15).

*Од извршената анализа за **вторник** ги добивме следниве резултати:*

$\lambda = 20$ клиенти на час

$\mu = 30$ клиенти на час

$s = 1$ – работи само една каса

$\rho = \frac{\lambda}{\mu} = \frac{20}{30} = 0.6667 \Rightarrow \rho = 66.67\%$ - просечна искористеност на системот

Просечниот број на клиенти кои чекаат во ред за услуга е:

$$n_r = \frac{\rho^2}{1-\rho} = \frac{0.6667^2}{1-0.6667} = \frac{0.44448}{0.3333} = 1.3336$$

Просечно во системот се наоѓаат:

$$n_s = \frac{\rho}{1-\rho} = \frac{0.6667}{1-0.6667} = \frac{0.6667}{0.3333} = 2.0003 \ \textit{клиенти}$$

Просечниот број на клиенти кои се опслужуваат е добиен со изразот:

$$n_0 = \rho = 0.6667$$

Го одредуваме и просечното време потребно за опслужување на еден клиент:

$$t_0 = \frac{1}{\mu} = \frac{1}{30} = 0.0333 = 1.998\, min$$

Просечно време на чекање на клиент во ред за услуга

$$t_r = \frac{n_r}{\lambda} = \frac{1.3336}{20} = 0.0666 = 3.996\, min$$

Просечното време на задржување на клиент во супермаркетот (системот) е :

$$t_s = \frac{1}{\mu} \cdot \frac{1}{1-\rho} = \frac{1}{30} \cdot \frac{1}{1-0.6667} = 0.0333 \cdot \frac{1}{0.3333} = 0.0333 \cdot 3.0003 = 5,994\, min$$

Веројатноста дека касата е слободна, односно дека нема клиенти е:

$$p_0 = 1 - \rho = 0{,}3333 = 33{,}33\%$$

Интерпретација на резултатите за моделот М/М/1

Во вторник, просечното време на чекање во редица ($t_r = 3{,}996min$) додека во просек 1.3336 клиент на час мора да чека на ред.Веројатноста дека серверот ќе биде слободен е помала и изнесува $33{,}33\%$ *тоа произлегува од зголемениот просечен број на доаѓање на клиенти.*

Во ***<u>среда</u>*** пристигнуваат просечно 22 клиенти на час ($\lambda = 22$) кои ја следат Пуасоновата распределба, каде просечно се опслужуваат 30 клиенти на час од еден продавач ($\mu = 30$).

Табела 9. Веројатност за појавување на n доаѓања според Пуасоновиот закон за распределба ($\lambda = 22$)
Table 9. Probability of occurrence of n arrivals following Poisson distribution ($\lambda = 22$)

n	P_n
0	2.7895E-10
1	6.1368E-09
2	6.7505E-08
3	4.9504E-07
4	2.7227E-06
5	1.198E-05
6	4.3926E-05
7	0.00013805
8	0.00037965
9	0.00092803
10	0.00204167
11	0.00408334
12	0.00748612
13	0.01266881
14	0.01990814
15	0.0291986
16	0.04014807

ПРОДОЛЖУВА	
17	0.05195633
18	0.06350218
19	0.07352884
20	0.08088172
21	0.08473323
22	0.08473323
23	0.08104918
24	0.07429508
25	0.06537967
26	0.05532126
27	0.04507658
28	0.03541732
29	0.02686831
30	0.01970343
СУМА	**1**

Во Табела 9 вредностите кои се прикажани во втората колона $\boldsymbol{Pn}$ претставуваат веројатности кои се меѓусебно зависни со секоја од вредностите од првата колона $\boldsymbol{n}$ кои означуваат број на доаѓања на клиенти. На пример, четвртата вредност за $n = 3$ која е прикажана во првата колона покажува дека 0.000000495 постои веројатност во супермаркетот да пристигнат 3 клиенти.

Следува графички приказ за пристигнувањата на клиентите според Пуасоновата распределба.

Слика 16. Пуасонова распределба на доаѓањата со средна вредност $\lambda = 22$
Figure 16. Poisson distribution of arrivals with mean $\lambda = 22$

Според графичкиот приказ даден на Слика 16 може да се воочи дека најголема е веројатноста да пристигнуваат 22 клиенти на час, меѓутоа не е исклучена можноста да пристигнуваат поглем број на клиенти кои може да достигнат и 30 клиенти на час, земајќи ја во предвид насоката во која се движи Пуасоновиот поток на доаѓања.

Знаеме дека пристигнувањето на клиентите не се случува во исто време и затоа го пресметуваме просечниот временски интервал помеѓу две пристигнувања на час.Според дадената средна вредност на пристигнувањата во супермаркетот $\lambda = 22$, времето помеѓу две доаѓања ќе ни биде $\frac{1}{22} = 0.045$ часа, односно клиентите ќе пристигнуваат просечно на секои 2.73 минути $(0.045 \times 60\ min)$.

Табела 10. Веројатност за времето на опслужување во различни временски интервали

Table 10.Probability of service time in different time intervals

ВРЕМЕ НА ОПСЛУЖУВАЊЕ			**ВЕРОЈАТНОСТ**
0	до	**0.092**	0.936708232
0.092	до	**0.184**	0.05928592
0.184	до	**0.276**	0.003752311
0.276	до	**0.368**	0.00023749
0.368	до	**0.46**	1.50312E-05
0.46	до	**0.552**	9.5135E-07
0.552	до	**0.644**	6.02126E-08
0.644	до	**0.736**	3.81096E-09
0.736	до	**0.828**	2.41203E-10
0.828	до	**0.92**	1.52661E-11

Табела 10 ни ги покажува веројатностите за времето на опслужување на клиентите во среда. На пример, 0.936708232 постои веројатност дека времето на опслужување ќе биде во интервалот меѓу 0 и 0.092 часа.



Слика 17.Експоненцијална распределба на времето на опслужување со $\mu = 30$

Figure 17.Exponential distribution of service time with $\mu = 30$

Од Слика 17 може да се забележи дека времето на опслужување подлежи на експоненцијална распределба која има опаѓачки тренд, што ни дава сознание дека веројатноста за опслужување во различни временски интервали е најголема во помалите временски интервали и се движи надолу односно опаѓа за сѐ поголемите временски интервали.

Резултати од примена на моделот:

$\lambda = 22$ клиенти на час

$\mu = 30$ клиенти на час

$s = 1$ - работи само една каса

$\rho = \frac{\lambda}{\mu} = \frac{22}{30} = 0.7333 \;\; \Rightarrow \;\; \rho = 73{,}33\%$ - просечна искористеност на системот

Просеченот број на клиенти кои чекаат во ред за услуга е:

$$n_r = \frac{\rho^2}{1-\rho} = \frac{0.7333^2}{1-0.7333} = \frac{0.53777}{0.2667} = 2.0164$$

Просечниот број на клиенти во системот (супермаркетот) изнесува:

$$n_s = \frac{\rho}{1-\rho} = \frac{0.7333}{1-0{,}7333} = \frac{0.7333}{0.2667} = 2.7495$$

Со дадениот израз е детерминиран бројот на клиенти кои просечно се опслужуваат:

$$n_0 = \rho = 0.7333$$

Просечното време на опслужување на еден клиент е:

$$t_0 = \frac{1}{\mu} = \frac{1}{30} = 0.0333 = 1{,}998\, min$$

Просечно време на чекање на клиент во ред за услуга:

$$t_r = \frac{n_r}{\lambda} = \frac{2.0164}{22} = 0.0916 = 5.496\, min$$

Просечно време на поминување на клиентот во системот е:

$$t_s = \frac{1}{\mu} \cdot \frac{1}{1-\rho} = \frac{1}{30} \cdot \frac{1}{1-0.7333} = 0.0333 \cdot \frac{1}{0.2667} = 0.0333 \cdot 3.7495 = 7{,}488\, min$$

$p_0 = 1 - \rho = 0.2667 = 26{,}67\%$ *постои веројатност дека касата ќе биде слободна.*

Интерпретација на резултатите добиени од моделот M/M/1

Просечното време на чекање во редот ($t_r = 5.496min$), додека во просек 2.0164 клиенти на час мораат да чекаат на ред.Просечната искористеност на системот е многу висока и изнесува 73.33%, *тоа значи дека таа е правопропорционална со просечниот број на клиенти кои доаѓаат во системот, што значи дека просечниот број на клиенти расте со искористеноста на системот.*

Во ***четврток*** просечно пристигнуваат 19 клиенти на час ($\lambda = 19$), каде текот на пристигнувањата го следи Пуасоновиот закон за распределба на веројатностите.Интензитетот на опслужување е 30 клиенти на час ($\mu = 30$).

Табела 11. Веројатност за појавување на n доаѓања според Пуасоновиот закон за распределба ($\lambda = 19$)
Table 11. Probability of occurrence of n arrivals following Poisson distribution ($\lambda = 19$)

n	P_n
0	5.6028E-09
1	1.06453E-07
2	1.0113E-06
3	6.40493E-06
4	3.04234E-05
5	0.000115609
6	0.000366095
7	0.000993687
8	0.002360006
9	0.004982235
10	0.009466247
11	0.01635079
12	0.025888751
13	0.037837405
14	0.051350763
15	0.0650443
16	0.077240107
17	0.086327178
18	0.091123132
19	0.091123132
20	0.086566976
21	0.078322502
22	0.067642161
23	0.055878307
24	0.044236993
25	0.033620115
26	0.024568545
27	0.017288976
28	0.011731805
29	0.007686355
30	0.004868025
31	0.002983628
32	0.001771529
СУМА	**1**

Во Табела 11 вредностите прикажани во втората колона $\boldsymbol{Pn}$ претставуваат веројатности кои се меѓусебно зависни со секоја од вредностите од првата колона $\boldsymbol{n}$ кои означуваат број на доаѓања на клиенти. На пример, да ја земеме петтата вредност за $n = 4$ која е прикажана во првата колона, таа покажува дека 0.0000304 постои веројатност во супермаркетот да пристигнат 4 клиенти.

Пристигнувањата на клиентите според Пуасоновата распределба се прикажани подолу на дадениот график.



Слика 18. Пуасонова распределба на доаѓањата со средна вредност $\lambda = 19$
Figure 18. Poisson distribution of arrivals with mean $\lambda = 19$

Графичкиот приказ даден на Слика 18 покажува дека просечно може да се очекуваат 19 клиенти на час. Со оглед на тоа што Пуасоновата распределба е искривена кон десно постои веројатност да пристигнуваат поглем број на клиенти кои може да бидат и повеќе од 31.

Како и претходните денови од неделата, клиентите не пристигнуваат во ист временски период, па поради тоа е детерминиран просечниот временски интервал помеѓу две пристигнувања на час. Ако во четврток средната вредност на пристигнувањата во супермаркетот $\lambda = 19$, времето помеѓу две доаѓања ќе ни биде $\frac{1}{19} = 0.053$ часа, односно клиентите ќе пристигнуваат просечно на секои 3.16 минути $(0.053 \times 60\ min)$.

Табела 12. Веројатност за времето на опслужување во различни временски интервали
Table 12.Probability of service time in different time intervals

ВРЕМЕ НА ОПСЛУЖУВАЊЕ			**ВЕРОЈАТНОСТ**
0	до	**0.058**	0.824479599
0.058	до	**0.116**	0.14471299
0.116	до	**0.174**	0.025400082
0.174	до	**0.232**	0.004458233
0.232	до	**0.29**	0.000782511
0.29	до	**0.348**	0.000137347
0.348	до	**0.406**	2.41071E-05
0.406	до	**0.464**	4.23129E-06
0.464	до	**0.522**	7.42678E-07
0.522	до	**0.58**	1.30355E-07
0.58	до	**0.638**	2.288E-08
0.638	до	**0.696**	4.01591E-09
0.696	до	**0.754**	7.04873E-10
0.754	до	**0.812**	1.2372E-10
0.812	до	**0.87**	2.17153E-11
0.87	до	**0.928**	3.81148E-12
0.928	до	**0.986**	6.68993E-13

Дадената Табела 12 ги претставува веројатностите за времето на опслужување во четврток кое е проследено со експоненцијална распределба и се случува во различни временски интервали.Веројатноста е различна за секој од дадените временски интервали во кои може да бидат опслужувани клиентите. Анализата е извршена во период од еден час.



Слика 19.Експоненцијална распределба на времето на опслужување со $\mu = 30$
Figure 19.Exponential distribution of service time with $\mu = 30$

Податоците од табеларниот приказ (таб.12) се дадени на следниот график кој ја покажува експоненцијалната распределба на времето на опслужување во различни временски интервали. Исто како и претходните денови во неделата поголема е веројатноста во помалите временски интервали да се изврши опслужувањето. Тоа може да се забележи од графичкиот приказ кој се карактеризира со тренд на опаѓање на веројатностите за различните временски интервали.

Резултати за четврток добиени со примена на моделот M/M/1

$\lambda = 19$ клиенти на час

$\mu = 30$ клиенти на час

$s = 1$ - работи само една каса

$\rho = \frac{\lambda}{\mu} = \frac{19}{30} = 0.6333 \Rightarrow \rho = 63{,}33\%$ - просечна искористеност на системот

Просечен број на клиенти кои чекаат во ред за услуга:

$$n_r = \frac{\rho^2}{1-\rho} = \frac{0.6333^2}{1-0.6333} = \frac{0.40107}{0.3667} = 1.0937$$

Просечениот број на клиенти кои се наоѓаат во системот е:

$$n_s = \frac{\rho}{1-\rho} = \frac{0.6333}{1-0.6333} = \frac{0.6333}{0.3667} = 1.72702$$

Одредено е колку клиенти во просек се опслужуваат:

$$n_0 = \rho = 0.6333$$

Просечното време на опслужување на еден клиент изнесува:

$$t_0 = \frac{1}{\mu} = \frac{1}{30} = 0.0333 = 1.998\, min$$

Просечно време на чекање на клиент во ред за услуга:

$$t_r = \frac{n_r}{\lambda} = \frac{1.0937}{19} = 0.0576 = 3.456\, min$$

Просечното време на задржување на клиентот во системот е:

$$t_s = \frac{1}{\mu} \cdot \frac{1}{1-\rho} = \frac{1}{30} \cdot \frac{1}{1-0.6333} = 0.0333 \cdot \frac{1}{0.3667} = 0.0333 \cdot 2.7270 = 5{,}448\, min$$

Веројатноста дека касата ќе биде слободна, односно дека нема да има ниту еден клиент е:

$$p_0 = 1 - \rho = 0.3667 = 36.67\%$$

Интерпретација на резултатите за моделот М/М/1

Просечното време на чекање во редица за четврток ($t_r = 3.456\, min$), додека во просек 1.0937 клиент на час мора да чека на ред. Веројатноста дека ссерверот ќе биде слбоден е 36,67 %. *Во однос на просечната искористеност на системот времето на чекање на клиентот во редот не е долго, од каде може да се извлече заклучок дека опслужувањето во системот е ефикасно.*

Следниот ден од неделата кој го анализиравме беше ***<u>петок</u>***. Просечно пристигнуваат 26 клиенти на час ($\lambda = 26$) според Пуасоновиот тек на доаѓања. Средниот број на клиенти кои се опслужуваат на час е 30 ($\mu = 30$).

Табела 13. Веројатност за појавување на n доаѓања според Пуасоновиот закон за распределба ($\lambda = 26$)
Table 13. Probability of occurrence of n arrivals following Poisson distribution ($\lambda = 26$)

n	P_n
0	5.10909E-12
1	1.32836E-10
2	1.72687E-09
3	1.49662E-08
4	9.72805E-08
5	5.05858E-07
6	2.19205E-06
7	8.14191E-06
8	2.64612E-05
9	7.64435E-05
10	0.000198753
11	0.00046978
12	0.001017857
13	0.002035714
14	0.003780611
15	0.006553059
16	0.010648721
17	0.016286279
18	0.023524625
19	0.032191592
20	0.04184907
ПРОДОЛЖУВА	
21	0.051813135
22	0.061233704
23	0.069220709
24	0.074989102
25	0.077988666
26	0.077988666
27	0.075100197
28	0.069735897
29	0.062521839
30	0.054185594
31	0.045445982
32	0.03692486
33	0.029092314
34	0.022247064
35	0.01652639
36	0.011935726
37	0.008387267
38	0.005738656
39	0.003825771
СУМА	**1**

Во Табела 13 вредностите прикажани во втората колона $\boldsymbol{Pn}$ претставуваат веројатности кои се поврзани со секоја од вредностите од првата колона $\boldsymbol{n}$ кои означуваат број на доаѓања на клиенти. На пример, да ја земеме шестата вредност за $n = 5$ која е прикажана во првата колона, таа покажува дека 0.00000050 постои веројатност во супермаркетот да пристигнат 5 клиенти.

Слика 20. Пуасонова распределба на доаѓањата со средна вредност $\lambda = 26$
Figure 20. Poisson distribution of arrivals with mean $\lambda = 26$

На Слика 20 се прикажани пристигнувањата на клиентите според Пуасоновата распределба на веројатност. Графичкиот приказ покажува дека просечно може да се очекуваат 26 клиенти на час. Со оглед на тоа што Пуасоновата распределба оди кон десно постои веројатност да пристигнуваат поглем број на клиенти кои може да бидат и повеќе од 35.
Со оглед на тоа што клиентите не пристигнуваат во исти временски период е одреден просечниот временски интервал помеѓу две пристигнувања на час. Ако средната вредност вредност на пристигнувањата во супермаркетот $\lambda = 26$, времето помеѓу две доаѓања ќе ни биде $\frac{1}{26} = 0.038$ часа, односно клиентите ќе пристигнуваат просечно на секои 2.31 минути $(0.038 \times 60\, min)$.

Табела 14. Веројатност за времето на опслужување во различни временски интервали
Table 14.Probability of service time in different time intervals

ВРЕМЕ НА ОПСЛУЖУВАЊЕ			**ВЕРОЈАТНОСТ**
0	до	**0.217**	0.99851152
0.217	до	**0.434**	0.001486264
0.434	до	**0.651**	2.21227E-06
0.651	до	**0.868**	3.29293E-09



Слика 21.Експоненцијална распределба на времето на опслужување со $\mu = 30$

Figure 21.Exponential distribution of service time with $\mu = 30$

Податоците кои се прикажани на во Табела 14 и графички на Слика 21 ни ја покажуваат експоненцијалната распределба на времето на опслужување во Петок при што поголема е веројатноста клиентите да бидат опслужени во помалите временски интервали. Пример, веројатноста клиентот да биде опслужен во интервалот меѓу 0.217 и 0.434 часа изнесува 0.001486264 која е помала од веројатноста одредена за првиот временски интервал меѓу 0 и 0.217 часа.

Од примената на моделот за петок одредуваме:

$\lambda = 26$ клиенти на час

$\mu = 30$ клиенти на час

$s = 1$ - работи само една каса

$\rho = \frac{\lambda}{\mu} = \frac{26}{30} = 0.8667 \implies \rho = 86.67\%$ - просечна искористеност на системот

Просечениот број на клиенти во ред за чекање на услуга изнесува:

$$n_r = \frac{\rho^2}{1-\rho} = \frac{0.8667^2}{1-0.8667} = \frac{0.75116}{0.1333} = 5.6352$$

Просечен број на клиенти кои се наоѓаат во системот (супермаркетот):

$$n_s = \frac{\rho}{1-\rho} = \frac{0.5666}{1-0.8667} = \frac{0.8667}{0.1333} = 6.5019$$

Одредуваме просечен број на клиенти кои се опслужуваат:

$$n_0 = \rho = 0.8667$$

Просечното време на опслужување на еден клиент е:

$$t_0 = \frac{1}{\mu} = \frac{1}{30} = 0.0333 = 1{,}998\, min$$

Просечното време на чекање на клиентот во ред за услуга изнесува:

$$t_r = \frac{n_r}{\lambda} = \frac{5.6352}{26} = 0.2167 = 13.002\, min$$

Просечно време кое клиентот го поминува во системот е:

$$t_s = \frac{1}{\mu} \cdot \frac{1}{1-\rho} = \frac{1}{30} \cdot \frac{1}{1-0.8667} = 0.0333 \cdot \frac{1}{0.1333} = 0.0333 \cdot 7.5019 = 15 min$$

Веројатноста дека касата ќе биде слободна е детерминирана на следниов начин:

$$p_0 = 1 - \rho = 0.1333 = 13.33\%$$

Интерпретација на резултатите добиени за петок за моделот М/М/1

Анализата покажува дека во петок, просечното време на чекање во редица ($t_r = 13.002\, min$) е малку подолго, додека во просек 5.6352 клиенти на час мораат да чекаат на ред.*Бидејќи просечната искористеност на системот е многу висока системот ќе работи потешко што може да доведе до поголема должина на редот.*

Во ***<u>сабота</u>*** просечниот број на пристигнувања на клиенти на час е најголем и изнесува 28 ($\lambda = 28$) кој го следи Пуасановиот закон за распределба на веројатностите. Интензитетот на опслужување на клиентите е ист, односно изнесува 30 клиенти на час ($\mu = 30$).

Табела 15. Веројатност за појавување на n доаѓања според Пуасоновиот закон за распределба ($\lambda = 28$)

Table 15. Probability of occurrence of n arrivals following Poisson distribution ($\lambda = 28$)

n	**P_n**
0	6.9144E-13
1	1.93603E-11
2	2.71044E-10
3	2.52975E-09
4	1.77082E-08
5	9.91661E-08
6	4.62775E-07
7	1.8511E-06
8	6.47885E-06
9	2.01564E-05
10	5.6438E-05
11	0.00014366
12	0.000335208
13	0.000721986
14	0.001443971
15	0.002695413
16	0.004716973
17	0.007769132
18	0.012085317
19	0.017809941
20	0.024933917
21	0.033245223
ПРОДОЛЖУВА	
22	0.042312102
23	0.051510385
24	0.06009545
25	0.067306904
26	0.072484358
27	0.075168964
28	0.075168964
29	0.07257693
30	0.067738468
31	0.061183133
32	0.053535241
33	0.045423841
34	0.037407869
35	0.029926295
36	0.023276007
37	0.017614276
38	0.01297894
39	0.009318213
40	0.006522749
41	0.004454561
СУМА	**1**

Во Табела 15 вредностите прикажани во втората колона $\boldsymbol{Pn}$ претставуваат веројатности кои се во однос со секоја од вредностите од првата колона $\boldsymbol{n}$ кои означуваат број на доаѓања на клиенти. На пример, втората вредност која е прикажана во првата колона покажува дека 0.0000000000193 постои веројатност во супермаркетот да пристигне 1 клиент.

Даваме графички приказ на Пуасоновиот тек на доаѓања на клиентите.



Слика 22. Пуасонова распределба на доаѓањата со средна вредност $\lambda = 28$
Figure 22. Poisson distribution of arrivals with mean $\lambda = 28$

Графичкиот приказ на Слика 22 ги покажува пристигнувањата на клиентите според Пуасоновата распределба на веројатност. Може да се согледа дека просечно може да се очекуваат 28 клиенти на час. Со оглед на тоа што Пуасоновата распределба оди кон десно постои веројатност да пристигнуваат поглем број на клиенти при што постои веројатност и да има повеќе од 40 пристигнувања на час.

Знаејќи го фактот дека клиентите не пристигнуваат во ист временски период, го одредуваме просечниот временски интервал помеѓу две пристигнувања на час. Ако средната вредност вредност на пристигнувањата во супермаркетот $\lambda = 28$, времето помеѓу две доаѓања ќе ни биде $\frac{1}{28} = 0.036$ часа, односно клиентите ќе пристигнуваат просечно на секои 2.14 минути $(0.036 \times 60\ min)$.

Табела 16. Веројатност за времето на опслужување во различни временски интервали

Table 16.Probability of service time in different time intervals

ВРЕМЕ НА ОПСЛУЖУВАЊЕ			ВЕРОЈАТНОСТ
0	до	**0.466**	0.999999152
0.466	до	**0.932**	8.48326E-07



Слика 23. Експоненцијална распределба на времето на опслужување со $\mu = 30$

Figure 23.Exponential distribution of service time with $\mu = 30$

Како што може да видиме од Табела 16 и Слика 23 дадена е експоненцијална распределба на времето на опслужување во различни временски интервали, како и веројатноста клиентите да бидат опслужени во дадениот временски интервал. Притоа, бидејќи во сабота во супермаркетот просечно доаѓаат најголем број на клиенти времето на опслужување е поделено на два интервала, бидејќи во просек најмногу време се чека во ред за услуга. Поголема е веројатноста опслужувањето на клиентите да се врши во првиот временски интервал.

Резултати добиени од извршената анализа:

$\lambda = 28$ клиенти на час

$\mu = 30$ клиенти на час

$s = 1$ - работи само една каса

$\rho = \frac{\lambda}{\mu} = \frac{28}{30} = 0.9333 \quad \Rightarrow \quad \rho = 93.33\%$ - *просечна искористеност на системот*

Просечниот број на клиенти кои чекаат во ред за услуга е определен со изразот:

$$n_r = \frac{\rho^2}{1-\rho} = \frac{0.9333^2}{1-0.9333} = \frac{0.87104}{0.0667} = 13.0592$$

Просечен број на клиенти во супермаркетот (системот):

$$n_s = \frac{\rho}{1-\rho} = \frac{0.9333}{1-0.9333} = \frac{0.9333}{0.0667} = 13.9925$$

Просечниот број на клиенти кои се опслужуваат изнесува:

$$n_0 = \rho = 0.9333$$

Просечното време за опслужување на еден клиент е:

$$t_0 = \frac{1}{\mu} = \frac{1}{30} = 0.0333 = 1{,}998\,min$$

Просечното време на чекање на клиентот во ред за услуга:

$$t_r = \frac{n_r}{\lambda} = \frac{13.0592}{28} = 0.4664 = 27.984\,min$$

Просечно време на задржување на клиентот во системот:

$$t_s = \frac{1}{\mu} \cdot \frac{1}{1-\rho} = \frac{1}{30} \cdot \frac{1}{1-0.9333} = 0.0333 \cdot \frac{1}{0.0667} = 0.0333 \cdot 14.9925 = 29{,}58\,min$$

$p_0 = 1 - \rho = 0.0667 = 6.67\%$ - *веројатност дека касата ќе биде слободна*

Интерпретација на резултатите за сабота за моделот М/М/1

Анализата покажува дека во сабота, просечното време на чекање во редица ($t_r = 27.984min$), капацитетот на системот е премногу зафатен 99.33% при што во просек 13.0592 потрошувачи ќе морат да чекаат во ред за услуга.*Ова значи дека зголемувањето на бројот на сервери во услови на зголемен број на доаѓања на потрошувачи може да доведе до намалување на должината на редот, а со тоа истовремено и на просечното време на чекање во редица.*

Последен ден кој беше земен за анализа и креирање модел е ***<u>недела</u>***. Просечно пристигнуваат 23 клиенти на час ($\lambda = 23$) според Пуасоновиот поток на доаѓања, а се опслужуваат 30 клиенти на час ($\mu = 30$).

Табела 17. Веројатност за појавување на n доаѓања според Пуасоновиот закон за распределба ($\lambda = 23$)
Table. 17. Probability of occurrence of n arrivals following Poisson distribution ($\lambda = 23$)

n	**P_n**
0	1.02619E-10
1	2.36023E-09
2	2.71427E-08
3	2.08094E-07
4	1.19654E-06
5	5.50408E-06
6	2.1099E-05
7	6.93252E-05
8	0.00019931
9	0.000509348
10	0.0011715
11	0.0024495
12	0.004694874
13	0.008306316
14	0.013646091
15	0.020924006
16	0.030078259
17	0.040694115
18	0.051998036
19	0.062944992

ПРОДОЛЖУВА	
20	0.07238674
21	0.079280716
22	0.082884384
23	0.082884384
24	0.079430868
25	0.073076399
26	0.064644507
27	0.055067543
28	0.045234053
29	0.035875283
30	0.027504384
31	0.020406478
32	0.014667156
33	0.010222564
34	0.006915264
35	0.004544316
36	0.002903313
37	0.001804762
38	0.001092356
СУМА	**1**

Во Табела 17 вредностите прикажани во втората колона $\boldsymbol{Pn}$ претставуваат веројатности кои се во однос со секоја од вредностите од првата колона $\boldsymbol{n}$ кои означуваат број на доаѓања на клиенти. На пример, третата вредност која е прикажана во првата колона покажува дека 0.0000000271 постои веројатност во супермаркетот да пристигнат 2 клиенти.

Подолу е даден графички приказ на Пуасоновиот тек на доаѓања на клиентите.

Слика 24. Пуасонова распределба на доаѓањата со средна вредност $\lambda = 23$
Figure 24. Poisson distribution of arrivals with mean $\lambda = 23$

Прикажаниот график на Слика 24 покажува дека просечно може да се очекуваат 23 клиенти на час. Со оглед на тоа што Пуасоновата распределба е искривена кон десно постои веројатност да пристигнуваат поголем број на клиенти при што постои веројатност и да има повеќе од 36 пристигнувања на час.

Бидејќи клиентите не пристигнуваат во ист временски период, го одредуваме просечниот временски интервал помеѓу две пристигнувања на час. Ако средната вредност вредност на пристигнувањата во супермаркетот $\lambda = 23$, времето помеѓу две доаѓања ќе ни биде $\frac{1}{23} = 0.043$ часа, односно клиентите ќе пристигнуваат просечно на секои 2.61 минути $(0.043 \times 60\, min)$.

Табела 18. Веројатност за времето на опслужување во различни временски интервали

Table 18.Probability of service time in different time intervals

ВРЕМЕ НА ОПСЛУЖУВАЊЕ			**ВЕРОЈАТНОСТ**
0	до	**0.109**	0.961993573
0.109	до	**0.218**	0.036561939
0.218	до	**0.327**	0.001389589
0.327	до	**0.436**	5.28133E-05
0.436	до	**0.545**	2.00724E-06
0.545	до	**0.654**	7.62882E-08
0.654	до	**0.763**	2.89944E-09
0.763	до	**0.872**	1.10197E-10
0.872	до	**0.981**	4.18821E-12



Слика 25. Експоненцијална распределба на времето на опслужување со $\mu = 30$

Figure 25.Exponential distribution of service time with $\mu = 30$

Земајќи го во предвид тоа дека времето на опслужување е проследено со експоненцијална распределба и дека клиентите се опслужуваат помеѓу одреден временски период (помеѓу t_1 и t_2), во Табела 18 се прикажани различните временски интервали на кои е распределено времето и притоа може да се забележи дека најголема е веројатноста опслужувањето да се изврши меѓу 0 и 0.109 часа. Одовде, од графикот даден на Слика 25 може да се согледа дека колку е поголем временскиот интервал толку повеќе се намалува веројатноста дека во тоа време клиентот ќе биде опслужен. Тоа се потврдува со опаѓачкиот тренд со кој се карактеризира експоненцијалната распределба на времето на опслужување (сл.25).

Резултати добиени со примена на моделот:

$\lambda = 23$

$\mu = 30$

$s = 1$

$$\rho = \frac{\lambda}{\mu} = \frac{23}{30} = 0.7667 \quad \Rightarrow \quad \rho = 76.67\%$$

Просечен број на клиенти кои чекаат во ред за услуга:

$$n_r = \frac{\rho^2}{1-\rho} = \frac{0.7667^2}{1-0.7667} = \frac{0.58783}{0.2333} = 2.5196$$

Просечниот број на клиенти во системот изнесува:

$$n_s = \frac{\rho}{1-\rho} = \frac{0.7667}{1-0.7667} = \frac{0.7667}{0.2333} = 3.2863$$

Просечниот број на клиенти кои се опслужуваат:

$$n_0 = \rho = 0.7667$$

Просечното време на опслужувањето на клиент изнесува:

$$t_0 = \frac{1}{\mu} = \frac{1}{30} = 0.0333 = 1{,}998\, min$$

Просечното време на чекање на клиентот во редот е:

$$t_r = \frac{n_r}{\lambda} = \frac{2.5196}{23} = 0.1095 = 11.7\, min$$

Го одредуваме просечното време на клиентот поминато во системот:

$$t_s = \frac{1}{\mu} \cdot \frac{1}{1-\rho} = \frac{1}{30} \cdot \frac{1}{1-0.7667} = 0.0333 \cdot \frac{1}{0.2333} = 0.0333 \cdot 4.2863 = 8{,}568\, min$$

$p_0 = 1 - \rho = 0.2333 = 23.33\%$ - *веројатност дека касата е слободна*

Интерпретација на резултатите за недела за моделот М/М1

Анализата покажува дека во недела, просечното време на чекање во редица ($t_r = 11.7\, min$), додека во просек 2.5196 клиенти на час морат да чекаат на ред. Просечната искористеност на ссерверот е 76.67% што значи дека просечното време на чекање е доста повисоко за разлика од деновите преку неделата.*Во овој случај кога просечното време на чекање на еден клиент во ред за услуга е подолго просечниот број на клиенти кои може да бидат опслужени ќе биде помал.*



Слика 26. Просечна искористеност на системот за една недела
Figure 26. Average utilization of the system for one week



Слика 27. Просечна искористеност на системот за една недела (изразена во проценти)
Figure 27. Average utilization of the system for one week (expressed in percentage)

На Слика 26 и Слика 27 е дадена просечната искористеност на супермаркетот прикажана заедно со процентуален приказ. Како што може да се забележи од двата графици просечната искористеност на супермаркетот кога работи само една каса е во петок и сабота, бидејќи просечно доаѓаат поголем број на клиенти со оглед на тоа што е викенд.

Во продолжение на ова е прикажана и веројатноста за зафатеноста на касите во супермаркетот, во овој случај само на една каса бидејќи станува збор за моделот M/M/1.



Слика 28. Веројатност дека нема да има ниту еден клиент во систем
Figure 28. Probability that the system will not have any customer



Слика 29. Веројатност дека нема да има ниту еден клиент во систем (изразена во проценти)
Figure 29. Probability that the system will not have any customer (expressed in percentage)

Како што може да се воочи од графичиот приказ на Слика 28 и Слика 29 веројатноста дека касата ќе биде слободна е најголема во понеделник и четврток, затоа што според нашето истражување беше утврдено дека тие денови од неделата пристигнуваат најмалку клиенти, додека веројатноста дека касата ќе биде слободна односно нема да има клиенти е најмала во сабота, па во петок бидејќи за време на викендот овие два дена во супермаркетот има најмногу клиенти.



Слика 30. Просечен број клиенти на час за период од една недела
Figure 30. Average number of customers per hour for period of one week

На Слика 30 е прикажан график кој го покажува просечниот број на клиенти во текот на една недела, период кој е земен во нашата анализа. Просечниот број на клиенти кои се опслужуваат, кои се наоѓаат во редот на чекање за услуга и кои се наоѓаат во супермаркетот приближно е на исто ниво, сè додека не се појави отскокнување во петок и сабота. Ова е од причина што во просек поголемиот дел од клиентите најмногу во супермаркетот најмногу купуваат за време на викендот, особено во попладневните часови.



Слика 31. Просечно време за моделот M/M/1 во текот на една недела
Figure 31. Average time for the model M/M/1 for one week

Графичкиот приказ на Слика 31 се однесува на просечното време за моделот M/M/1 кога работи една каса анализирано за цела недела. Исто како и претходно за просечниот број на купувачи, и овде исто така просечното време на опслужување на еден клиент, на чекање во ред за услуга, како и на задржување на еден клиент во супермаркетот е најдолго во петок и сабота, што е нормално, бидејќи има поголем број на клиенти за разлика од останатите денови преку неделата.

8.6 Резултати од примена на повеќеканален систем на масовно опслужување

Модел со еден ред и два сервери (каси) M/M/2

Во анализата при примената на овој модел беа поставени следните претпоставки:

Работат два сервери т.е. две каси $s(k) = 2$ и има еден ред на чекање

λ – просечен број на доаѓања (различен за секој ден од неделата)

Интензитетот на опслужување е еднаков во текот на цела недела $\mu = 30$ (понеделник - недела)



Слика 32. Повеќеканален СМО со еден ред и две каси **M/M/2**
Figure 32. Multiple Stage Queuing system with Single- Queue and Multiple – Server **M/M/2**

Овој модел е означен како **M/M/2**, каде првата ознака **M** претставува Марков процес или Маркова експоненцијална распределба на времето помеѓу пристигнувањата, втората ознака **M** претставува Маркова експоненцијална распределба на времето на опслужување, а ознаката **2** (во општ облик позната како s (е позитивен цел број)) го означува бројот на сервери, во нашиот случај бројот на каси.

▪ НЕДЕЛНА АНАЛИЗА НА РЕДОВИТЕ НА ЧЕКАЊЕ

Предмет на оваа анализа беше случај во кој работат двете каси во супермаркетот и каде бројот на пристигнувања на клиентите е поголем при непроменет интензитет на опслужување. Беше направено истражување за 7 дена и добиените резултати дневно се прикажани и интерпретирани.

Во **понеделник** во супермаркетот просечно доаѓаат 42 клиенти на час ($\lambda = 42$) кои пристигнуваат според Пуасонова распределба. Интензитетот на опслужување изнесува 30 клиенти на час ($\mu = 30$).

Табела 19. Веројатност за појавување на n доаѓања според Пуасоновиот закон за распределба ($\lambda = 42$)
Table 19. Probability of occurrence of n arrivals following Poisson distribution ($\lambda = 42$)

n	P_n
0	5.74952E-19
1	2.4148E-17
2	5.07108E-16
3	7.09951E-15
4	7.45449E-14
5	6.26177E-13
6	4.38324E-12
7	2.62994E-11
8	1.38072E-10
9	6.44336E-10
10	2.70621E-09
11	1.03328E-08
12	3.61648E-08
13	1.1684E-07
14	3.50521E-07
15	9.81458E-07
16	2.57633E-06
17	6.36504E-06
18	1.48518E-05
19	3.28302E-05
